2023



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

МАКЕДОНСКА БЕРЗА

# Содржина


КОРПОРАТИВЕН ПРОФИЛ ..... 2
1. ВОВЕД ..... 3
3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ..... 4
3.1. Основни карактеристики ..... 4
Основни карактеристики на тргувањето во 2023 година беа: ..... 4
3.2. Класично тргување (БЕСТ систем) ..... 6
3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти ..... 7
3.4. Блок трансакци ..... 8
3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет ..... 9
3.6. Индекси на Македонска берза ..... 9
3.7. Структура на прометот по членки ..... 11
4. КОТАЦИЈА ..... 12
4.1. ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА ..... 12
4.3. ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД КОТАЦИЈА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ..... 13
4.4. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ПРАВИЛАТА ЗА КОТАЦИЈА ..... 13
4.5. ОБЈАВЕНИ ИЗВЕСТУВАЊА ПРЕКУ СЕИ-НЕТ ..... 15
5. ЧЛЕНСТВО ..... 16
6. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ ..... 18
7. НАДЗОР  НА ТРГУВАЊЕТО ..... 19
8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДРШКА ..... 19
9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ ..... 21
9.1. Годишно собрание на акционери ..... 21
9.2. Одбор на директори ..... 22
9.3. Сопственичко вложување на Берзата во Централниот Депозитар ..... 22
9.4.  Акти на Берзата ..... 22
9.4.1. Правила за членство на Берзата ..... 22
9.5. Промени во составот на Дисциплинската Комисија/Комисијата за арбитража ..... 25
9.7. Внатрешна ревизија ..... 26
9.8. Учество во работата на работните групи/проекти за изработка на нови законски решенија и подготвување на коментари на истите ..... 27
9.9. Активности на Берзата околу промоција на ESG Известувањето ..... 27
9.10. Доставување одговори на поднесени барања и дописи ..... 27
9.12. Судски и нотарски постапки ..... 27
9.13. Известувања до Комисијата за хартии од вредност ..... 27
10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ..... 28
10.1. Презентации ..... 28
10.3. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата ..... 28
11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ..... 30
11.2. Инвеститорски ден на Берзата ..... 30
11.3. Денови на македонскиот пазар на капитал пред хрватските инвеститори ..... 31
11.4. Работна средба на Македонска берза со Сојузот на стопански комори по повод одбележување на првиот ден на тргување на Македонска берза ..... 32
11.4. Формирање и почеток со работа на Клубот БУМ ( Берзата И Успешните во Македонија) ..... 33
11.5. Работилница за презентирање на наодите од извршениот преглед на актуелните состојби на македонскиот пазар на капитал ..... 34
11.6. Почеток на тргување со  граѓанската обврзница преку Берзата ..... 35
11.7. Годишни награди на Македонска берза за 2023 година ..... 35
11.8. Македонска берза втора година по ред се приклучува кон иницијативата “Ring the Bell for Gender Equality 2023” ..... 37
Родова анализа на органите на управување на котираните акционерски друштва на Македонска берза ..... 37
11.8. Промоција на продуктите на Берзата ..... 38
11.9. Соработка со медиуми ..... 38
12. ОБЈАВИ НА АД ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ ..... 38
13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 39
14. ДИСТРИБУЦИЈА НА БЕРЗАНСКИ ПОДАТОЦИ ..... 40
15. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА ..... 41
НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА ..... 41
16. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА ..... 42

## КОРПОРАТИВЕН ПРОФИЛ

Македонската берза АД Скопје е основана во 1995 година и работи како акционерско друштво во приватна сопственост.

Основните принципи врз кои се темели работењето на Берзата се почитувањето на законските и подзаконските акти од областа на хартиите од вредност, како и обезбедувањето фер, ефикасно и транспарентно функционирање на пазарот на хартии од вредност.

### ПРОФИЛ

Македонска берза АД Скопје

Датум на основање: 13.09.1995

Датум на почеток на тргување: 28.03.1996

Единствен матичен број: 5062608

Даночен број: МК4030995184290

### ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Претседател
Тони Стојановски

Неизвршни членови
Ивана Гажиќ
Нина Неданоска
Михајло Брова Зиков
Славчо Филипчев

Независни членови
Горан Анастасовски
Иван Мишев

Извршен член
Иван Штериев, Главен извршен директор

### ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИ

Вкупно издадени хв: 2.792

Номинална вредност: 607,10 ЕУР

Вкупен број на акционери : 30 (со состојба 31.12.2023)

Домашни: 28

Странски: 2



# 1. ВОВЕД

Во текот на 2023 година работењето на Македонска берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори од меѓународен и домашен карактер што го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза и имаа влијание врз тргувањето со хартии од вредност, а со тоа и врз нејзиното деловно работење:

- Светската економија во 2023 година во однос на претходната година забележа раст од 3,1% (2022 3,5%). Имајќи ги предвид актуелните предизвици за светската економија, како што се високата инфлација и војните во Украина и Блискиот Исток, глобалното економско закрепнување после пандемијата COVID-19 сепак продолжи изненадувачки силно. Стапката на инфлација, од својот врв во 2022 година, се намалува побрзо отколку што се очекуваше, со помал негативен ефект врз вработеноста и економската активност од очекуваното. Ова се одрази поволно на движења на страната на понудата и затегнувањето од страна на централните банки, кои сеуште реагираа внимателно.

- Проценките на Министерството за финансии се дека во 2023 година македонската економија ќе забележи раст на БДП од 2,3%.[1];

- Неколку негативни ризици за глобалниот раст остануваат присутни. Конфликтот на Блискиот Исток може да ескалира во овој регион кој е битен за светскиот извоз на нафта. Континуираните напади во Црвеното Море – преку кои се одвива 11 отсто од глобалната трговија – и тековната војна во Украина ризикуваат да генерираат нови негативни шокови во снабдувањето, со скокови во трошоците за храна, енергија и транспорт. Фискалната консолидација е неопходна во многу економии за да се справат со зголемените коефициенти на долгот. Значително острата промена кон зголемување на даноците и намалување на трошоците, може да резултира со побавен раст од очекуваниот. Во земјите со ниски приходи и пазарните економии во развој, ризикот од должнички проблеми останува висок, ограничувајќи го опсегот за неопходни инвестиции за подобрување на растот;[2]

- 2023 година заврши со пазарни цени на акциите на повисоки нивоа, особено на поголемите светски берзи, со главен акцент на американските пазари. Dow Jones на годишно ниво се зголеми за 13,70%, S&P500 за 24,23%, а NASDAQ Composite за дури 43,42%. Европските акции исто така имаа пораст – германскиот DAX ја заврши годината со раст од 20,31%, а англискиот FT100 со релативно мал раст од 3,78%;

- Во текот на 2023 година Народната Банка, во 6 наврати направи затегање на монетарна политика со поблаго зголемување на каматна стапка на благајничките записи се до 6,30% (2022 4,75%). На крајот од декември 2023 година, годишната пондерирана каматна стапка на дадените кредити изнесуваше 5,47% (2022 4,44%), додека годишна пондерирана каматна стапка на новоодобрени дадени кредити изнесуваше 5,21% (2022 4,83%). Каматна стапка на вкупните депозити на крајот од декември 2023 година изнесуваше 1,79% (2022 0,74%), додека на новопримените заштеди изнесуваше 2,37 (2022 0,86%)[3]. Во 2023 година приносот на најсигурните финаниски инструменти (едногодишни државни записи) се искачи на ниво 4,25% (2022 3,50%), постигнати на последната аукција во декември 2023 година. Трендот на зголемување на каматните стапки во 2023 година имаше негативно влијание на берзанските движења и на новиот прилив на вложувањата во овој сегмент; со оглед на тоа што акциите како поризичен финансиски инструмент стануваат релативно понеисплатливо вложување;

- Започна оданочувањето на капиталните добивки од тргување со хартии од вредност што влијаеше дестимулативно кај инвеститорите на Берзата, а истовремено продолжи неоданочувањето на каматите на банкарските депозити. Ова особено се почуствува во првиот квартал на 2023 година;

- Вредноста на средствата под управување на отворените домашни инвестициски фондови на крајот на 2022 година се зголеми за 21,75%, во однос на крајот на 2022 година, и е во износ од 218,71 милиони евра. Најголем дел, 44,85% од средствата доверени на управување на фондовите се насочени кон вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државите. 55,8% од вкупните средствата под управување на отворените домашни инвестициски фондови се вложени во Македонија и македонски хартии од вредност, а 44,2% во хартии од вредност издадени во други земји. Освен еден инвестициски фонд со негативен принос од -2,45%, сите инвестициските фондови имаат позитивни годишни стапки на принос (во

[1] "Макроекономски индикатори, проекции на Министерството за финансии,"
[2] World Economic Outlook - Update, IMF, Јануари 2024
[3] Соопштение за печат на НБРСМ од 31.01.2024 – "Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците: декември 2023 година

ранг од 2,47% до 19,55%: еден фонд со годишна стапка на принос од 62,68% ). Кај задолжителните пензиски фондови, со оглед на инфлацијата, реалните стапки на принос за 2023 се движеа од 3,22% до 4,33%, додека износот на нето средствата под управување порасна за 19,08% во однос на крајот од 2022 година и достигнаа вредност од 2,2 милијарди евра;

- Како резултат на задолжителната котација на хартиите од вредност и во текот на 2023 на Берзата продолжи задоволителниот обем и квалитет на известувањата од страна на котираните друштва, а со тоа и на транспарентноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во целина. Оттука, во 2023 година беа објавени вкупно 2101 објави преку СЕИ-Нет од страна на котираните друштва;
- Инфлацијата во Република Северна Македонија во текот на 2023 година постепено забавуваше и е проценето дека заврши на 9,2% [4] (2022 14,2%);
- Се задржа политиката на стабилен девизен курс;
- Институционалната пазарна инфраструктура беше функционална и ефикасна без никакви забележани позначајни предизвици.

# 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2023 година беа:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2023 година изнесуваше 4.617.690.497 денари (околу 75 милиони евра) и бележи намалување од 37,97 % во споредба со 2022 година;
- Остварениот промет на класичното тргување во 2023 година изнесуваше 2.890.397.724 денари[5] (околу 47 милиони евра), што е за 37,61% помалку во споредба со 2022 година;
    - Прометот остварен со акции во 2023 година изнесуваше 2.688.085.959 денари (околу 43,67 милиони евра), и е за 35,25% намален во споредба со 2022 година;
    - Во 2023 година е остварен промет со обврзници од 183.803.265 денари (околу 2,98 милиони евра) и бележи намалување за 60,04% во споредба со 2022 година;
    - Во 2023 година е остварен промет со други хартии од вредност од 18.508.500 денари (околу 300 илјади евра), што е за 14,29% помалку во споредба со 2022 година;

| Промет (Денари) | Јануари - Декември 2022 | Јануари - Декември 2023 | % промена |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **4.632.839.043** | **2.890.397.724** | **-37,61** |
| АКЦИИ | 4.151.305.343 | 2.688.085.959 | -35,25 |
| ОБВРЗНИЦИ | 459.940.520 | 183.803.265 | -60,04 |
| ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 21.593.180 | 18.508.500 | -14,29 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 18.744.902 | 11.770.038 | -37,21 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 70 | 49 | -30,00 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **2.363.720.851** | **1.727.292.773** | **-26,92** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА** | 0 | 0 | - |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ** | **374.532.000** | 0 | - |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ** | **73.025.544** | 0 | - |
| ВКУПНО | 7.444.117.438 | 4.617.690.497 | -37,97 |

- Во 2023 година на Берзата се реализирани 82 блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од 1.727.292.773 денари (околу 28 милиони евра), што е намалување од 26,92% во споредба со 2022 година;

[4] "Макроекономски индикатори, проекции на Министерството за финансии,"
[5] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

- Во 2023 година не се реализирани трансакции преку продажби на акции по пат на јавни берзански аукции во сопственост на државата и на големи пакети, како ни трансакции преку јавни понуди на хартии од вредност;

| БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | Јануари - Декември 2022 | Јануари - Декември 2023 | % промена |
|---|---|---|---|
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | 17.107 | 11.896 | -30,46 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 147 | 82 | -44,22 |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА | 0 | 0 | - |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ | 4 | 0 | - |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ | 11 | 0 | - |
| ВКУПНО | 17.274 | 11.978 | -30,66 |

- Во структурата на прометот на Берзата остварен во 2023 година доминираат реализираните трансакции на Официјалниот пазар со 61,38% учество во вкупниот промет, блок трансакциите имаат учество од 37,41%, додека тргувањето со некотираните хартии од вредност во 2023 година беше незначително (околу 1,22%);

- На крајот на 2023 година на Официјалниот пазар беа котирани акции на 93 друштва, од кои 24 друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација, 65 друштва на подсегментот Задолжителна котација и 4 друштва долгорочно суспендирани од котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 28.12.2023 година достигна 224,21 милијарди денари (околу 3,65 милијарди евра), што изнесува околу 25% од БДП и бележи пораст од 8% во споредба со 2022 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува 18,89 милијарди денари (околу 307 милиони евра) и бележи намалување од околу 1,48% во споредба со 2022 година;

| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари) | Јануари - Декември 2022 | Јануари - Декември 2023 | % промена |
|---|---|---|---|
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **214.275.753.577** | **231.354.679.050** | **7,97** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 207.586.096.399 | 224.205.310.387 | 8,01 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 6.689.657.178 | 7.149.368.663 | 6,87 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **19.165.538.535** | **18.882.548.756** | **-1,48** |
| **ПАЗАРНА КАП. НА ДРУГИ ХВ** | **307.471.500** | **307.464.000** | **0,00** |
| ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА | 233.748.763.612 | 250.544.691.805 | 7,19 |

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 28.12.2023 година изнесуваше 6.116,23 што е за 8,21% повисока во однос на вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2022 година кога изнесуваше 5.652,33 поени.

| | Јануари - Декември 2022 | Јануари - Декември 2023 | % промена |
|---|---|---|---|
| **МБИ10** | **5.652,33** | **6.116,23** | **8,21** |
| **ОМБ** | **124,61** | **125,05** | **0,35** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **94** | **93** | **-1,06** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **246** | **244** | **-0,81** |

Подолу, презентираме и споредбен приказ на вкупниот берзански промет во последната деценија.

Споредбен приказ на остварениот **вкупен промет на Берзата** во изминатите десет години (во денари)




## 3.2. Класично тргување (БЕСТ систем)

Во текот на 2023 година на Берзата е остварен промет од “класичното” тргување во износ од 2.890.397.724 денари (46,95 милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од “класичното” тргување на Берзата во 2023 година, во продолжение презентираме табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2023 година.

| Месец | Официјален пазар | | | Редовен пазар | | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Други ХВ | Акции | Обврз. | | | | |
| I | 190.064.108 | 3.112.319 | 0 | 3.549.393 | 0 | 196.725.820 | 3.192.052 | 897 | 19 |
| II | 142.178.179 | 40.687.967 | 18.508.500 | 2.258.683 | 0 | 203.633.329 | 3.300.652 | 762 | 20 |
| III | 234.579.612 | 7.219.989 | 0 | 4.412.224 | 0 | 246.211.825 | 3.991.078 | 1.025 | 23 |
| Q I | 566.821.899 | 51.020.275 | 18.508.500 | 10.220.300 | 0 | 646.570.974 | 10.483.782 | 2.684 | 62 |
| IV | 244.748.422 | 1.027.523 | 0 | 2.721.903 | 0 | 248.497.848 | 4.031.055 | 1.017 | 17 |
| V | 254.359.795 | 3.741.586 | 0 | 4.763.339 | 0 | 262.864.720 | 4.273.860 | 1.114 | 21 |
| VI | 245.857.344 | 60.700.345 | 0 | 6.546.222 | 0 | 313.103.911 | 5.087.868 | 1.147 | 21 |
| Q II | 744.965.561 | 65.469.454 | 0 | 14.031.464 | 0 | 824.466.479 | 13.392.783 | 3.278 | 59 |
| VII | 146.526.416 | 1.629.721 | 0 | 4.292.739 | 0 | 152.448.876 | 2.479.015 | 775 | 21 |
| VIII | 121.604.450 | 2.430.387 | 0 | 2.681.000 | 0 | 126.715.837 | 2.060.670 | 633 | 21 |
| IX | 289.775.578 | 1.694.285 | 0 | 12.441.139 | 0 | 303.911.003 | 4.938.632 | 997 | 20 |
| Q III | 557.906.444 | 5.754.393 | 0 | 19.414.878 | 0 | 583.075.716 | 9.478.317 | 2.405 | 62 |
| X | 192.682.328 | 6.333.453 | 0 | 8.261.520 | 0 | 207.277.301 | 3.370.036 | 978 | 20 |
| XI | 306.616.923 | 864.991 | 0 | 4.134.899 | 0 | 311.616.813 | 5.067.305 | 1.408 | 22 |
| XII | 262.899.553 | 54.360.698 | 0 | 130.190 | 0 | 317.390.441 | 5.161.336 | 1.143 | 19 |
| Q IV | 762.198.804 | 61.559.141 | 0 | 12.526.609 | 0 | 836.284.554 | 13.598.677 | 3.529 | 61 |
| ВКУПНО | 2.631.892.708 | 183.803.264 | 18.508.500 | 56.193.251 | 0 | 2.890.397.724 | 46.953.559 | 11.896 | 244 |

Движење на прометот по месеци во 2023 година (во денари)




Движењето на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата во последната деценија е даден подолу:

Споредбен приказ на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата
во изминатите десет години (во денари)




## 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2023 година (2,84 милијарди денари) е остварен преку 11.731 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 98,06%. Од тоа, 2,63 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (92,86%) при што се склучени 11.388 трансакции, прометот со обврзници изнесува 183,80 милиони денари (6,49%) и истиот е остварен преку 341 трансакција, додека прометот со други хартии од вредност изнесува 18,50 милиони денари (0,65%) при што се склучени 2 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (56,19 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2023 година со 1,94% и 165 трансакции. Прометот остварен на Редовниот пазар на Берзата со акции на Слободниот пазар изнесува 54,89 милиони денари (97,68%) при што се склучени 153 трансакции, додека прометот остварен на со акции на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување изнесува 1,30 милиони денари (2,32%) при што се склучени 12 трансакции.

Структура на прометот




Структура на остварени трансакции




## 3.4. Блок трансакци

**<u>Администраторски блок трансакции</u>**

Во 2023 година на Берзата беа пријавени вкупно 32 администраторски блок трансакции во вкупна вредност од 1.085.428.573 денари (околу 17,64 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| Официјален пазар | Супер котација | 12.000.000 | 195.100 | 1 |
| | Берзанска котација | 333.255.208 | 5.418.133 | 18 |
| | Задолжителна котација | 89.722.657 | 1.458.917 | 7 |
| Редовен пазар | Слободен пазар | 650.450.708 | 10.571.835 | 6 |
| Вкупно | | 1.085.428.573 | 17.643.985 | 32 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 26 блок трансакции во вкупна вредност од 434,97 милиони денари (7,07 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа реализирани вкупно 6 блок трансакции во вкупна вредност од 650,45 милиони денари (10,57 милиони евра).

**<u>Системски блок трансакции</u>**

Во 2023 година на Берзата беа склучени вкупно 50 системски блок трансакции во вкупна вредност од 641.864.200 денари (околу 10,42 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| Официјален пазар | Супер котација | 384.838.610 | 6.246.333 | 11 |
| | Берзанска котација | 168.820.208 | 2.743.113 | 24 |
| | Задолжителна котација | 27.541.602 | 447.699 | 8 |
| Редовен пазар | Слободен пазар | 49.937.280 | 811.362 | 5 |
| | Пазар на АДПОИ | 10.726.500 | 173.863 | 2 |
| Вкупно | | 641.864.200 | 10.422.370 | 50 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 43 блок трансакции во вкупна вредност од 581,20 милиони денари (9,44 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа склучени вкупно 7 блок трансакции во вкупна вредност од 60,66 милиони денари (985 илјади евра).

## 3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека 137.076.347 денари (околу 2,23 милиони евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (3,39%), додека 139.607.864 денари (околу 2,27 милиони евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (3,45%).

Учество на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет на Берзата во 2023 година




## 3.6. Индекси на Македонска берза

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

Македонски Берзански Индекс – МБИ10




- вредност на МБИ10 на 28.12.2023 изнесува 6.116,23 индексни поени, што значи зголемување од 8,21% во споредба со вредноста на индексот постигната на 29.12.2022 година (5.1652,33 индексни поени).
- највисока вредност на МБИ10 во 2023 година е постигната на 28.12.2023 година (6.116,23 индексни поени).
- најниска вредност на индексот во 2023 година е постигната на 23.06.2023 година (5.606,15 индексни поени).

| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 15.06.2023 | Редовна ревизија на | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, | Датум на имплементација на извршената ревизија - 30.06.2023 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | индексот МБИ10 | НЛБ Банка АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Скопје, ТТК Банка АД Скопје и<br>УНИ Банка АД Скопје | |
| 15.12.2023 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје,<br>Македонијатурист АД Скопје,<br>Македонски Телеком АД Скопје,<br>НЛБ Банка АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Скопје, ТТК Банка АД Скопје и<br>УНИ Банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија - 02.01.2024 година |

Процентуална промена на цените на елементите на МБИ10 во 2022 година




Вредност на МБИ10 од неговото воведување по години
(со состојба 31.12)



Индекс на обврзници – ОМБ




- вредност на ОМБ на 28.12.2023 изнесува 125,05 индексни поени, што значи зголемување од 0,35% во споредба со вредноста на индексот постигната на 29.12.2022 година (124,61 индексни поени).
- највисока вредност на ОМБ во 2023 е постигната на 24.04.2023 година (127,65 индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2023 е постигната на 12.01.2023 година (123,65 индексни поени).

| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 15.06.2023 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17, RMDEN19, RMDEN20 и RMDEN21 | Датум на имплементација на извршената ревизија - 30.06.2023 година. |
| 16.12.2022 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN14, RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17, RMDEN18, RMDEN19, RMDEN20, RMDEN21 и RMDEN22 | Датум на имплементација на извршената ревизија - 02.01.2024 година. |

## 3.7. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2023 година е реализиран преку активностите на 10 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2023 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции, каде е прикажана само куповната страна.

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Вредност - блок | % Вредност - блок | Вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еурохаус АД Скопје | EH | 1.117.248.244 | 19,33 | 1.148.777.500 | 33,25 | 2.266.025.744 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 1.385.380.363 | 23,97 | 447.289.686 | 12,95 | 1.832.670.049 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 1.238.274.669 | 21,42 | 363.950.818 | 10,54 | 1.602.225.487 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | 432.045.149 | 7,47 | 573.530.950 | 16,60 | 1.005.576.099 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 279.697.255 | 4,84 | 643.846.950 | 18,64 | 923.544.205 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 398.876.895 | 6,90 | 72.169.913 | 2,09 | 471.046.808 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 297.823.945 | 5,15 | 93.632.960 | 2,71 | 391.456.905 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 362.583.872 | 6,27 | 6.802.504 | 0,20 | 369.386.376 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 178.923.001 | 3,10 | 74.080.593 | 2,14 | 253.003.594 |
| Шпаркасебанка АД Скопје | SP | 89.942.054 | 1,56 | 30.503.672 | 0,88 | 120.445.726 |
| **Вкупно** | | **5.780.795.447** | **100,00** | **3.454.585.546** | **100,00** | **9.235.380.993** |

Учество на членките на Берзата во реализираниот промет




Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Еурохаус АД Скопје со учество од 24,54%. На второ и трето место се Илирика Инвестментс АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје со учество од 19,84% и 17,35%, соодветно во 2023 година.

# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2023 година на Официјалниот пазар на Македонската берза бројот на друштва кои имаат котирани хартии од вредност изнесуваше 95. Од нив 94 друштва имаа котирани акции, со пазарна капитализација од 207,59 милијарди денари, 3 друштва и државата како издавач имаа котирани 194 обврзници со пазарна капитализација од 19,17 милијарди денари и едно друштво имаше котирани 2 други хартии од вредност на подсегментот Берзанска котација – други хартии од вредност со пазарна капитализација од 307,47 милиони денари.

На крајот од 2023 бројот на друштва кои имаат котирани хартии од вредност се намали на 94. Од нив 93 друштва имаа котирани акции, со пазарна капитализација од 224,2 милијарди денари (што претставува пораст од 8%), 3 друштва и државата како издавач имаа котирани 223 обврзници со пазарна капитализација од 18,88 милијарди денари, што претставува пад од 1,48% и едно друштво имаше котирани 3 други хартии од вредност на подсегментот Берзанска котација – други хартии од вредност со пазарна капитализација од 307,46 милиони денари.

Треба да се напомене дека во пресметката на пазарната капитализација на обврзниците се земаат само хартиите од вредност со кои некогаш имало тргување (со континуирани државни обврзници немаше тргување во 2023 година).

## 4.2. Котација на нови хартии од вредност

### *4.2.1. Котација на структурни државни обврзници*

Во текот на 2023 година по добиено барање и доставен проспект од страна на Министерството за финансии на РСМ беше котирана 1 државна обврзница, Дваесет и втората емисија на обврзниците за денационализација со вкупен износ на емисијата од 4,5 милиони евра.

По добиено барање и доставен проспект од страна на Министерството за финансии на РСМ беа котирани и 3 емисии на структурни општински обврзници за регулирање на доспеани, а неплатени обврски на општини во вкупен износ од 274.417.404 денари.

### *4.2.2. Котација на континуирани државни обврзници*

Согласно потпишаниот Договор помеѓу Министерството за финансии на РСМ и Македонска берза АД Скопје, во 2023 година на Официјалниот пазар на Берзата беа примени на котација 28 емисии на државни обврзници и 7

проширувања на претходно котирани емисии на обврзници во вкупен номинален износ од 30.723.500.000 денари (2022: 9.465.470.000)

Од горенаведените котирани континуирани обврзници, 2 емисии, во вкупен износ од 2.533.510.000 денари (над 41 милиони евра), беа граѓанските обврзници, новитет на пазарот, обврзници кај кои при примарната емисија беше дозволено учество само од страна на физички лица, граѓани на Македонија.

### *4.2.3 Котација на корпоративни обврзници*

Во текот на 2023 година не беше побаран прием на котација за корпоративни обврзници.

### *4.2.4 Котација на други хартии од вредност*

На 25.12.2023 започна со котација третата емисија на перпетуална обврзница издадена од УНИ Банка АД Скопје, на подсегментот Берзанска котација-Котација на други хартии од вредност. Номиналниот износ на кој е издаден инструментот изнесува 1,35 милиони евра. Покрај Одлуката за прием на котација на перпетуалнита обврзница, Одборот на директори донесе и соодветна Одлука за утврдување на начинот на изразување на цените, минималната корекција на цената и големината на лотовите на обврзницата при тргување на Македонска берза АД Скопје.

## 4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност

- Заради отворена стечајна постапка над друштвото Бетон АД Скопје на 05.05.2023 година беа исклучени од котација обичните акции од издавачот со шифра на тргување BESK.
- Заради достасување на 01.06.2023 беше отстранета од тргување Дванаесеттата емисија на обврзници за денационализација (со шифра на тргување RMDEN12) издадена од Република Македонија.
- Заради достасување, беа отстранети 7 емисии на континуирани обврзници издадени од Република Северна Македонија во вкупна номинална вредност од 12.090.740.000 денари (2022 5.095.020.000).

## 4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација

### Долгорочна суспензија од котација

За три друштва, АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, Благој Туфанов АД Радовиш и Трудбеник АД Охрид на сила е мерката за долгорочна суспензија од котација. Во текот на 2023 година немаше промена во статусот на овие друштва.

Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 27.06.2023 година донесе Одлука за долгорочна суспензија од котација за друштвото Тајмиште АД Кичево почнувајќи од 28.07.2023 година, поради континуирано неисполнување на обврските согласно Правилата за котација.

### Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментот Берзанска котација

Во текот на 2023 година поради непочитување на одредбите од Правилата за котација Одборот на директори на Берзата изрече:

- 4 мерки укажување од Одборот на директори на 4 котирани друштва;
- 3 мерки опомена од Одбор на директори на 3 котирани друштва;
- 2 мерки јавна опомена преку интернет страната на Берзата на две друштва.

Во текот на 2023 година поради непочитување на одредбите од Правилата за котација беа испратени 5 укажувања од Главен извршен директор на 5 котираните друштва.

### Преземени мерки кон друштва котирани на подсегментот Задолжителна котација

Во текот на 2023 година беа испратени 10 укажувања од Главен извршен директор на 10 котирани друштва поради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Во текот на 2023 година Одборот на директори на Берзата поради непочитување на одредбите од Правилата за котација изрече:

- 14 мерки укажување од Одбор на директори на 14 котирани друштва;

- 24 мерки опомена од Одбор на директори на 18 котирани друштва;

- 5 мерки јавна опомена преку интернет страната на Берзата на 4 котирани друштва.

Во текот на 2023 година согласно член 57 од Правилата за котација Одборот на директори изрече мерка "Внес на Листа за набљудување" на 1 котирано друштво.

## Привремен прекин со тргување на акции

Во текот на 2023 година немаше привремен прекин на тргувањето со акции по ниту една основа.

## Листа за набљудување

На Листата за набљудување се внесуваат издавачи што котираат на Официјалниот пазар поради:

а) изречена мерка од страна на Берзата - во случаи на посериозно непостапување од страна на издавачот согласно барањата утврдени во Правилата за котација;
или
б) обрнување на внимание на инвеститорската јавност за определени актуелни состојби поврзани со конкретниот издавач - во случаи на поспецифични ситуации поврзани со хартиите од вредност или со работењето на издавачот.

Во Листата за набљудување на веб страната на Берзата во 2023 беа внесени 5 котирани друштва, согласно член 61-а од Правилата за котација заради информирање на инвеститорите дека треба да обрнат внимание на одредени специфични ситуации поврзани со нивните хартии од вредност, а согласно член 57 од Правилата за котација поради посериозно непостапување 1 друштво беше внесено на Листата за набљудување:

- донесен е заклучок за внесување на издавачот Мермерен комбинат АД Прилеп со почеток од 28.4.2023 година на „Листата за набљудување", согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што за друштвото беше објавена понуда за преземање на друштвото.
- донесен е заклучок за внесување на издавачот Македонија осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп со почеток од 16.05.2023 година на „Листата за набљудување", согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што друштвото објави отпочнување на постапка за спроведување на статусни промени на издавачот - присоединување.
- донесен е заклучок за внесување на издавачот Жито Караорман АД Кичево на „Листата за набљудување" со почеток од 14.7.2023, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што беше објавена намера за преземање на друштвото.
- донесен е заклучок за внесување на издавачот Единство АД Струмица на „Листата за набљудување" со почеток од 17.7.2023 година, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што беше објавена намера за преземање на друштвото.
- донесен е заклучок за внесување на издавачот Мермерен комбинат АД Прилеп на „Листата за набљудување" со почеток од 31.08.2023 година, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што беше објавена намера за преземање на друштвото.
- На 21.12.2023 година донесена е Одлука од Одборот на директори за внесување на издавачот Пелистерка АД Скопје на „Листата за набљудување" што се објавува на веб страница на Берзата, согласно член 57 од Правилата за котација, поради посериозно непостапување од страна на издавачот по Правилата за котација.
- донесен е заклучок за внесување на издавачот Макпетрол АД Скопје на „Листата за набљудување" со почеток од 26.12.2023 година, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што за друштвото беше објавена намера за преземање на друштвото.

Во текот на 2023 од Листата за набљудување на веб страната на Берзата беа отстранети 5 котирани друштва:

- На 26.06.2023 година Берзата изврши бришење на издавачот Мермерен комбинат АД Прилеп од „Листата за набљудување" поради тоа што заврши постапката за преземање на друштвото.
- На 28.07.2023 година Берзата изврши бришење на издавачот Тајмиште АД Кичево од „Листата за набљудување" што се објавува на веб страница на Берзата, поради тоа што друштвото е долгорочно суспендирано од котација.
- На 02.10.2023 година Берзата изврши бришење на издавачот Жито Караорман АД Кичево од „Листата за набљудување" поради тоа што заврши постапката за преземање на друштвото.
- На 03.10.2023 година Берзата изврши бришење на издавачот Единство АД Струмица од „Листата за набљудување" поради тоа што заврши постапката за преземање на друштвото.

- На 10.11.2023 година Берзата изврши бришење на издавачот Мермерен комбинат АД Прилеп од „Листата за набљудување“ поради тоа што заврши постапката за преземање на друштвото.

Во продолжение е Листата за набљудување на веб страната на Берзата со состојба на 31.12.2023 година.

| ИЗДАВАЧИ СО ПОСЕРИОЗНИ НЕПОСТАПУВАЊА ВО ОДНОС НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ОБВРСКИТЕ ПО ПРАВИЛАТА ЗА КОТАЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на внесување** | **Издавач** | **Шифра на ХВ** | **Основ за внесување** | **Причина за внесување** |
| 22.12.2023 | Пелистерка АД Скопје | LOZP | член 57 од Правила за котација | посериозно непостапување од страна на издавачот по Правилата за котација |
| **ИЗДАВАЧИ СО ПОСПЕЦИФИЧНИ СИТУАЦИИ И НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ИЛИ НИВНОТО РАБОТЕЊЕ** | | | | |
| **Датум на внесување** | **Издавач** | **Шифра на ХВ** | **Основ за внесување** | **Причина за внесување** |
| 11.11.2020 | ЖАС АД Скопје | ZAS | член 61-а од Правила за котација | • објава на издавачот дека нема деловна активност<br>• објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Агромеханика АД Скопје | AMEH | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека нема деловна активност |
| 11.11.2020 | РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје | RZIT | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Стокопромет АД Скопје | STOK | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 30.05.2022 | Герас Цунев Конфекција АД Струмица | GECK | член 61-а од Правила за котација | донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о. |
| 30.05.2022 | Герас Цунев Трговија АД Струмица | GECT | член 61-а од Правила за котација | донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о |
| 12.08.2022 | Неметали Огражден АД Струмица | NEME | член 61-а од Правила за котација | донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о |
| 16.05.2023 | Македонија осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп | KJUBI | член 61-а од Правила за котација | објава за отпочнување на постапка за спроведување на статусни промени на издавачот - присоединување |
| 24.11.2023 | Жито Полог АД Тетово | ZPOG | член 61-а од Правила за котација | објава на намера за објавување понуда за преземање |
| 26.12.2023 | Макпетрол АД Скопје | MPT | член 61-а од Правила за котација | објава на намера за објавување понуда за преземање |

## 4.5. Објавени известувања преку СЕИ-Нет

| Објави на СЕИ-Нет во 2023 | Супер котација и Берзанска котација | Задолжителна котација | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ***Број на друштва кои имаат котирани хартии од вредност*** | *25* | *89* | *94* |
| Други ценовно чувствителни информации | 312 | 467 | 779 |
| Информации поврзани со Собрание на акционери и одлуки на органите на управување | 270 | 481 | 751 |
| Објави поврзани со финансиски извештаи | 175 | 392 | 567 |
| ВКУПНО | 757 | 1340 | 2097 |

Во текот на 2023 година беа направени и 4 објави преку СЕИ-Нет од страна на друштво кое беше исклучено од котација во текот на годината со што бројот на вкупни објави преку СЕИ-Нет е 2101 објави. Од 89 друштва на сегментот Задолжителна котација, 4 друштва се долгорочно суспендирани од котација и тие немаат обврска да објавуваат известувања.

## Кодекс за корпоративно управување

Примената на Кодексот е задолжителна за сите котирани акционерски друштва што ќе исполнуваат одредени квантитативни критериуми кои се пропишани во Правилата за котација. За разлика од применувањето на законската и подзаконската регулатива, како и на Правилата за котација на Берзата, применувањето на Кодексот и понатаму се базира на принципот „примени или појасни зошто не си применил". Овој принцип има за цел да им овозможи на друштвата одредена флексибилност при имплементирање на практиките утврдени и пропишани во новиот Кодекс.

Согласно член 42-а и член 63-а од Правилата за котација, Берзата го објави на својата интернет страница ажурираниот список на акционерски друштва со состојба на 31.12.2023 година, коишто имаат обврска за примена на Кодексот. Во продолжение е листата на друштва кои имаат обврска да известат во 2024 година за примената на Кодексот за корпоративно управување со состојба 31.12.2023 година.

| | |
|---|---|
| 1. Алкалоид АД Скопје | 14. Витаминка АД Прилеп |
| 2. Гранит АД Скопје | 15. ЗК Пелагонија АД Битола |
| 3. Комерцијална Банка АД Скопје | 16. Либерти АД Скопје |
| 4. Македонијатурист АД Скопје | 17. Македонски Телеком АД Скопје |
| 5. Макпетрол АД Скопје | 18. Осигурување Македонија АД Скопје |
| 6. Макстил АД Скопје | 19. Прилепска пиварница АД Прилеп |
| 7. НЛБ Банка АД Скопје | 20. Реплек АД Скопје |
| 8. Стопанска банка АД Скопје | 21. Тетекс АД Тетово |
| 9. ТТК Банка АД Скопје | 22. Тутунски комбинат АД Прилеп |
| 10. УНИ Банка АД Скопје | 23. Фершпед АД Скопје |
| 11. Стопанска банка АД Битола | 24. Хотели-Метропол АД Охрид |
| 12. ОКТА АД Скопје | 25. Цементарница УСЈЕ АД Скопје |
| 13. ВВ Тиквеш АД Кавадарци | 26. Адинг АД Скопје |

# 5. ЧЛЕНСТВО

Во текот на 2023 година, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 10 членки на Берзата (5 банки и 5 брокерски куќи), при што бројот на овластени брокери за тргување преку БЕСТ системот на почетокот и на крајот на годината изнесуваше 30, со одредени промени во текот на годината.

Во текот на годината, Берзата остваруваше активна соработка со членките преку одржување на состаноци со цел нивно информирање за новини и измени поврзани со тргувањето со хартии од вредност и членството, како и со цел разменување на идеи и предлози за подобрување на пазарните услови и функционирањето на пазарната инфраструктура. На барање на членките, Берзата организираше полагање на испити за познавање на БЕСТ системот за нововработените брокери и вршеше активирање/суспендирање на правата за користење на БЕСТ системот од страна на овластените брокери. Берзата континуирано обезбедуваше и help-desk поддршка на членките при користење на софтверскиот систем за брокерско работење.

Преглед на активни членки на 31.12.2023 година

| Членка | Шифра на членка | Активности кои ги врши членката согласно член 94 и 99 од ЗХВ | Број овластени брокери |
|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | сите активности со хартии од вредност (освен дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност) | 6 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | сите активности со хартии од вредност | 3 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>чување на хартии од вредност<br>преземање на акционерски друштва<br>тргување на странски пазари | 3 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | | 2 |
| Шпаркасе банка АД Скопје | SP | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>чување на хартии од вредност<br>преземање на акционерски друштва<br>тргување на странски пазари<br>вршење дополнителни услуги за издавачите | 3 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | IL | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>инвестициско советување<br>покровител за котација<br>тргување на странски пазари | 4 |
| ТТК Банка Скопје | TK | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>преземање на акционерски друштва | 3 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>покровител за котација<br>тргување на странски пазари | 2 |
| Иново Брокер АД Скопје | IN | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>покровител за котација | 2 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | | 2 |

Во текот на 2023 година и тоа во втората половина од годината, како резултат на искажаниот интерес на една банка за пристапување кон членство во Берзата, беа водени прелиминарни разговори околу условите и документацијата потребна за стекнување на статус членка на Македонска берза АД Скопје.

## 6. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ

Во текот на годината редовно се спроведуваа и други активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- воспоставување и отстранување на ценовни ограничувања (статички лимити);
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- внес на нови хартии за тргување во БЕСТ системот по барање на членки на Берзата, на подсегментот Слободен пазар (беа внесени 27 нови хартии од вредност);
- промена на назив на 3 друштва;
- Согласно податоците од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, беа блокирани акции издадени од 4 друштва.
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за поддржувачи на ликвидност, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, достасување на обврзници, отворени стечајни постапки над друштва, ненавремено објавување на одлуки од собрание на акционери, преобразба на друштво од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност и др.);
- изготвување и објава на календар на денови на тргување;
- ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар од состојба „тргува“ во состојба „отстранета“;

# 7. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на целата 2023 година редовно беа изготвувани надзорни прегледи за структурата и динамиката на прометот на дневно, неделно и месечно ниво, со цел што подобро разбирање и оценка на пазарните движења и трендови. Исто така, Македонската берза АД Скопје вршеше редовна вонтеренска контрола на членките на Берзата од аспект на пазарните однесувања на одредена членка, брокер или инвеститорска сметка кои можат да претставуваат индикации за неправилност (значајно придвижување на цени на хартии од вредност, front running, специфични вкрстени трансакции, индиции за верижно тргување, повлекување од прекинувачки аукции и сл.).

Берзата вршеше редовно следење на пазарните случувања и изготвуваше разни интерни статистички и други континуирани прегледи во насока на што подобро разбирање и оценка на пазарните движења и трендови.

Воедно, редовно беа изготвувани надзорни прегледи на структурата и динамиката на прометот на дневно, неделно и месечно ниво, со цел што подобро разбирање и оценка на пазарните движења и трендови.

Врз основа на претходно извршени контроли на членките кои се однесуваа на начинот на наплата на провизиите кон клиентите, во првиот квартал од 2023 година до членките кај кои имаше утврдено одредени констатации при контролите, Берзата испрати дописи со препораки за усогласување и отстранување на недостатоци во процесот на наплата и пресметка на провизиите од тргување со хартии од вредност кон клиентите.

# 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДРШКА

## 8.1 Активности поврзани БЕСТ системот

Во текот на 2023 година во делот на активностите поврзани со БЕСТ системот покрај редовното одржување на истиот, беа реализирани и одредени развојни активности, при што се реализираше имплементација и тестирање на нови функционалности. Новите функционалности се однесуваа на операции кои се вршат преку станицата за Администрација во делот на инструменти за тргување, локализација на сите податочни типови, додавање на нови операции со брокери, како и имплементација на административни операции во делот на членки и додавање на нови модули за администрација на изречени мерки. Сите промени се во фаза на тестирање на тест опкружување и се очекува истите да бидат во продукција во текот на првиот квартал од 2024 година.

## 8.2 Активности поврзани со брокерска апликација Broker Office

Во текот на 2023 година во делот на активностите поврзани со одржувањето на апликацијата за позадинско брокерско работење, покрај редовната поддршка на брокерските куќи, се имплементираа неколку нови функционалности на системот кои се однесуваат на промени во начинот на прикажување на податоците во апликацијата mTrader, мали промени во дел од извештаите како и отстранување на грешка во модулот за offline пазари.

Воедно, во рамките на оваа активност во текот на третиот и четвртиот квартал се реализираа неколку состаноци со членките кои активно го употребуваат модулот за off-line пазари, а со цел изнаоѓање на нови можности за подобрување на целиот процес на работа преку Broker Office поврзан со работењето на странски пазари. Од реализираните состаноци беше заклучено дека сите членки имаат потреба за автоматска егзекуција на налозите на странски пазари и автоматско процесирање на реализираните трансакции, што самото по себе подразбира употреба на FIX протокот или некаков сервисен пристап за поврзување на Broker Office со некој брокер кој има пристап до конкретните странски пазари. Со цел изнаоѓање на ваков партнер беа реализирани состаноци со неколку странски брокерски куќи. Од првичните анализи на може да се заклучи дека постои можност за поврзување на Broker Office со сервисите на неколку странски брокерски куќи, при што потребно е да се изврши имплементација на посебните протоколи за комуникација. Исто така, доколку се пристапи кон имплементавија на ваквите

функционалности ќе биде потребно и да се направат и други промени во Broker Office со цел овозможување на подесување на новите пазари, проследување на пазарните податоци до брокерите и клиентите, креирање на налози преку eTrader и сл.

Како продолжување на оваа активност преостанува да се разгледа бизнис моделот под кој би се нудела оваа услуга, како и самата техничка имплементација на истата во Broker Office.

Исто така, на барање на корисничката група во текот на последниот квартал од 2023 година се започна со имплементација на нова функционалност која ќе овозможи криптирање на испратените извештаи до клиентит по e-mail во кои се содржани лични податоци. Имплементацијата е во завршна фаза.

## 8.3 Активности за пуштање во употреба на новата инфраструктура за потребите на заедничкиот дата центар на Берзата и Депозитарот

Во текот на првата половина од 2023, а по испорака на новата опрема што Берзата и Централниот депозитар за хартии од вредност ја набавија за заедничкиот ИТ центар на почетокот од месец Март, се започна со интензивни активности за физичко поврзување и поставување на истата во серверски орман. Во оваа активност, покрај добавувачот, голем дел од работите беа реализирани од страна на вработените во Берзата. По завршување со оваа активност беше направена првична инсталација и иницијално подесување на опремата и истата беше додадена како нов ресурс во постојниот виртуелен кластер. Беше извршено конфигурирање на новата мрежна инфраструктура и поврзување на иста со постојниот firewall уред. На почетокот од месец април беа префрлени неколку виртуелни машини од старата инфраструктура на новата и притоа не беа воочени никакви проблеми во работењето на истите. На почетокот од месец Мај 2023, а по успешно завршување на подготвителните операции за миграција од старата на новата опрема се изврши целосно преместување на сите виртуелни машини од старата на новата инфраструктура. Оваа постапка беше реализирана и за виртуелните машини на ЦДХВ. Воедно, беа тестирани и процесите за префрлање на виртуелните машини од еден хипервизор на друг во реално време и притоа не беа забележани никакви неправилности во работата на продукциските опкружувања на Берза и ЦДХВ.

## 8.4 Активности поврзани со развојот на новото апликативно решение СЕИНет

Во текот на првата половина 2023 година, беше финализиран развојот на новото решение за замена на постојната апликација СЕИНет со нова. Беше поставена стабилна верзија спремна за тестирање на сите функционалности. По завршените тестирања од страна на Секторот за деловни операции беше креирана листа со пронајдени грешки и барање за промени од аспект на подобрување на постојните функционалности. По извршената корекција на пронајдените грешки и имплементацијата на бараните промени новата верзија на СЕИНет беше пуштена на повторно тестирање.

Во текот на втората половина од 2023 година, се реализираа дополнителни тестирање и корекции на грешки кои беа воочени во текот на тестирањето. Во текот на овој процес по секоја интервенција во изворниот код и разрешување на конкретна грешка или воведување на нова функционалност се вршеше објава на нова верзија на тест опкружување со користење на алатки за CI/CD при што многу брзо може да се идентификува промената и да се изврши нејзина валидација. Во рамки на активностите за следење на употреба последна верзија од развојните алатки целиот модул за бизнис логика беше надграден да ја употребува последната верзија на .NET 8 RC 2, со што се створија услови за непречена употреба на финалната верзија на овој framework .NET 8 кој беше ставен во употреба веднаш по неговата официјална објава од страна на Microsoft.

## 8.5 Кадровски состојби и склучен договор за IT поддршка

Во текот на 2023 година повторно настанаа промени во кадровската екипираност во Секторот за информатичка и техничка поддршка, односно имаше напуштање на две лица, како и склучување на договор за вработување на еден сениор програмер. По отказот на еден вработен што беше на

позицијата систем администратор, беа извршени неколку интервјуа со потенцијални кандидати, но ниту еден од кандидатите не ги задоволуваше барањате на Берзата. Поради овие причини, се пристапи кон преговори со фирми кои нудат IT поддршка. По разгледување на понудите беше избрана компанијата СИТ Македонија, по што се пристапи кон склучување на договор и запознавање на претставници од оваа компанија со процесите на работа на Берзата поврзани со системска администрација. По успешното запознавање со работните процеси од 01.09.2023 година компанијата СИТ Македонија ја презема работата во делот на системска администрација.

## 8.6 Активности за одржување и развој на апликации за трети лица

Во текот на 2023 година се реализраа активности на одржување на системите за тргување на две странски берзи (во Албанија во Бахамските острови), се работеше и на развој на одредени апликации со цел нивна идна продажбаи остварување на нови приходи.

## 8.7 Склучен договор за инвестициско одржување со берзата од Бахами (BISX)

На почетокот од Септември беше склучен и посебен договор за инвестициско одржување со берзата од Бахами. Согласно овој договор Македонската Берза, на нивно барање ќе презема активности за имплементација на нови функционалности на нивната верзија од системот за тргување, а наплатата ќе се реализира согласно тарифа за потрошено време (човек часови).

## 8.8 Софтверски надградби на инфраструктурата

Во текот на четвртиот квартал во соработка со компанијата која врши системска администрација на инфраструктурата на Берзата сместена на двете локации (Берза и ЦДХВ) се изврши надградба на оперативниот систем на централниот firewall сместен во просториите на ЦДХВ на најнова препорачана верзија од страна на производителот. Исто така, се изврши надградба на модулите за далечинско администрирање на трите сервери на кои се хостирани сите сервиси на Берзата и ЦДХВ. Беше извршена и надградба на оперативниот систем на firewall уредот кој се користи во просториите на Берзата. Сите активности се реализираа надвор од работното време на двете институции и истите поминаа без никакви проблеми.

# 9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Правните активности на Берзата во рамките на нејзиното работење во текот на 2023 година сумарно се одбиваа во следните области:

## 9.1. Годишно собрание на акционери

Седницата на Годишното Собрание на акционери на Берзата се одржа на 30.05.2023 година. И оваа година, како и минатата, во поканата за 39-тата седница за Годишното собрание на акционерите на Берзата им беше укажано на законската можност за кореспондентско гласање по точките од дневниот ред за седницата. Во таа смисла, во рамки на поканата и материјалите за седницата на собранието кои на акционерите им беа доставени во електронска форма по препорачана пошта, беа доставени и соодветни инструкции и обрасци за кореспондентско гласање.

На седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата беа усвоени одлуки/разгледани материјали од следните области:

## 9.2. Одбор на директори

Во текот на 2023 година г-дин Петар Трпески поднесе оставка од функцијата неизвршен член во Одборот на директори на Берзата. Со цел усогласување на составот на органот на управување со Статутот на друштвото и законските прописи, на ден 03.11.2023 година Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје донесе Одлука за избор на г-ѓа Нина Неданоска за вршител на должност неизвршен член на Одборот на директори на Берзата. Во врска со поднесената оставка и изборот, беа преземени потребните активности за упис на промената во Централниот регистар, во Регистарот на вистински сопственици како и беше направено соодветно известување во јавноста согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност.

Во текот на 2023 година Одборот на директори одлучуваше на вкупно 8 седници, за чија работа беа подготвувани потребните материјали и беа изработувани донесените акти на Одборот. Во два наврати, согласно Деловникот за работа, Одборот на директори одлучуваше без одржување на седница.

## 9.3. Сопственичко вложување на Берзата во Централниот Депозитар

Во текот на 2023 година, продолжи реализацијата на стратешката цел на Берзата за остварување на синергии преку интеграциски процеси и сопственичко учество во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Оваа година Берзата го зголеми своето учество од 19,82% на 28,67 % од акциите со право на глас издадени од Депозитарот, со што стана најголем поединечен акционер во Депозитарот. Ова стекнување се изврши врз основа на добиена одобрение од Комисијата за хартии од вредност за стекнување на квалификувано учество во сопственичката структура на Депозитарот од најмногу 29,82%, односно за стекнување на дополнително 600 акции. Врз основа на издаденото одобрение Берзата преку три трансакции во текот на 2023 година, се стекна со вкупно 531 акција, односно заедно со претходно стекнатите акции оствари вкупно учество од 28,67% во сопственичката структура на Депозитарот.

## 9.4. Акти на Берзата

Со цел подобрување на актите на Берзата, нивно прилагодување на нови состојби, усогласување со законските прописи, како и во насока на креирање на поповолен амбиент и воведување на повисоки стандарди на македонскиот пазар на хартии од вредност, во текот на 2023 година, Берзата донесе нови акти, односно измени и дополнувања на постојните, и тоа следните:

### 9.4.1. Правила за членство на Берзата

Во првата половина на 2023 година, Одборот на директори на Берзата донесе нови Правила за членство на Берзата.




### 9.4.2 Етички кодекс

Во месец јануари 2023 година, Одборот на директори на Берзата донесе Етички кодекс. Етичкиот кодекс има за цел утврдување на принципи и етички стандарди на работење и однесување од страна на вработени и членови на органите на управување на Берзата при извршување на нивните задачи и надлежности, во насока на унапредување и афирмација на сопствениот углед и угледот на Берзата, зајакнување на довербата на јавноста во работата на Берзата, одржување на висок интегритет и унапредување на квалитетот во работењето на Берзата.

Одредбите од овој Кодекс првенствено се однесуваат на вработените на Берзата, но истите соодветно се применуваат и на членовите на Одборот на директори и на други лица кои на договорна основа извршуваат одредени услуги за Берзата.

Принципите и етичките стандарди се поделени во четири групи и тоа принципи и етички стандарди кои вработените во Берзата се должни да ги почитуваат и применуваат при извршувањето на работните задачи, односно за време на својот ангажман во Берзата, во односите со надворешни лица кога настапуваат како вработени во Берзата, во меѓусебните односи со другите вработени и членовите на Одборот на директори во Берзата и во однос на деловниот изглед и интегритет, при што истите се применуваат кумулативно и на континуирана основа.

### 9.4.3. Акти во врска со проблематиката за управување со ризици во работењето на Берзата

Во текот на 2023 година, акцент беше ставен и на изготвување на низа интерни акти на Берзата за управување со ризици. Имено, во досегашното работење на Берзата ова проблематиката

претставуваше процес на континуирано преземање на мерки и активности согласно потребите, можностите и расположливите човечки и информатичко- технички капацитети на Берзата, при што, нормативното регулирање на истото беше направено на начин што во различните интерни акти на Берзата се предвидуваа и одредби поврзани со оваа проблематика. Иако досегашниот пристап на регулирање на проблематиката за управување со ризици ги задоволуваше потребите на Берзата, сепак се процени дека соодветното систематизирано и подетално нормирање на управувањето со ризици преку донесување на соодветни акти е оптимално решение и е на линија на најавените законски обврски што ќе произлезат од новиот Закон за финансиски инструменти. Во врска со наведеното, Одборот на директори донесе:

- **Стратегија за управување со ризици** која ги дефинира целите и придобивките од управувањето со ризиците, одговорностите за управување со ризиците и со која се утврдува рамката која ќе се воспостави со цел успешно управување со ризиците на кои е изложена Берзата поврзани со работењето, работните процеси и системите со кои управува, оценка на влијанието на поединечни ризици на целокупниот ризичен профил на Берзата, како и со цел утврдување на прифатливиот степен на ризик.

- **Политика за управување со ризици** со која се дефинираат конкретните постапки и техники за начинот на мерење, следење, контрола или намалување на конкретниот ризик, како и мерките за управување со ризици.

Врз основа на овие акти се донесе Акциски план за донесување на потребните акти на Берзата во врска со проблематиката за управување со ризици во работењето на Берзата, коишто произлегуваат од истите и тоа следните:

### а. Процедури за кризен менаџмент

Процедурите за кризен менаџмент претстувуваат акт во кој се мапирани клучните процеси во Берзата и критичните настани коишто може да го загрозат нивното нормално одвивање и се утврвдени активностите што треба да бидат преземени со цел да се санираат последиците, односно да се минимизираат штетите што настанале, како и да се спречат негативните влијаниа врз оперативното работење, профитабилноста и репутацијта на Берзата. Имено, со овој акт беа детално утврдени чекорите што треба да бидат преземени од страна на организационит единици во Берзата со цел ефикасно справување при настанување на критичните настани за Берзата.

### б. Политика за човечки ресурси

Политиката за управување со човечки ресурси на Берзата има за цел да воспостави ефективен систем за управување со човечките ресурси и подобрување на работењето на вработените во Берзата, како и управување со потенцијалот, знаењата, вештините и способностите на вработените на начин на кој се постигнува остварување на успешни резултати на индивидуално и колективно ниво.

### в. Правилник за безбедност и здравје при работа

Правилникот за безбедност и здравје при работа го уредува планирањето, преземањето и спроведувањето на мерки за безбедност и здравје при работа на вработените во Берзата, во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа и подзаконските акти од областа на безбедноста и здравјето при работа, а со цел да бидат создадени безбедни работни услови и здрава работна средина, заради заштита на здравјето, работните способности, физичкиот и моралниот интегритет на вработените.

Во доменот на безбедноста и здравјето при работа, а со цел исполнување на законските обврски беше ангажирано и надворешно овластено правно лице од областа на безбедност и здравје при работа согласно закон за извршување на стручните задачи во врска со безбедноста и здравјето при работа. Од страна на надворешното стручно лице, беше извршена проценка на ризик на секое работно место, микроклиматски мерење, мерења на заземјување, мерења на осветленост, беа спроведени соодветните обуки на вработените, а во иднина од страна на ова лице ќе бидат тековно извршувани стручните задачи во овој домен.

### г. Политика за управување со промени во информациските и комуникациските системи

Со Политиката за управување со промени во информациските и комуникациските системи на Берзата се воспоставува ефективен систем за управување со промени во информациските и комуникациските системи, се утврдуваат основните начела на управување со промени и основните функционални активности во управувањето со промени, а со цел да се обезбеди намалување на грешките кои се прават при промени во ИКТ системите, како и при отстранување на утврдените недостатоци или недоследности во деловните процеси, како и да се обезбеди дека сите промени направени во системот се овластени и контролирани.

### д. Процедури за формирање на комисии и работни тела

Процедурите за формирање на комисии и работни тела имаат за цел да го уредат начинот и постапката за формирање на комисии и други работни тела на Берзата, нивниот состав, условите за избор, нивните надлежности и одговорности, како и начинот на работа. Со овие Процедури се уредуваат комисиите и работните тела коишто произлегуваат од општите и посебните акти на Берзата и/или од законските прописи и преку кои се остваруваат функциите на Берзата, при што формирањето и функционирањето на истите има за цел да придонесе за зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето на Берзата и за остварување на стратешките цели и приоритети на Берзата.

### ѓ. Процедури за пристап до систем салата

Со Процедурите за пристап до систем салата на Берзата подетално се уредува начинот на пристап до систем салата на Берзата од страна на вработените и надворешни лица и начинот на евиденција на реализираните пристапи до истата.

### 9.4.4. Други нтерни акти на Берзата

Во текот на 2023 година, беа ревидирани интерните акти на Берзата поврзани со годишните одмори, мерките и активностите во врска со Covid-вирусот, регулирање на начинот на извршување на работните задачи од страна на вработените и беа направени измени, односно беа донесени нови акти во врска со овие прашања. Исто така, беа ревидирани и актите кои се однесуваат на сметководствените политики на Берзата, внатрешната организација и систематизација, како и платите и наградувањето на вработените и беа направени измени на овие акти, а со цел нивно допрецизирање и усогласување со актуелните состојби по однос на прашања регулирани со овие акти.

## 9.5. Промени во составот на Дисциплинската Комисија/Комисијата за арбитража

Во 2023 година, беше извршена промена во составот на Дисциплинската комисија на Берзата, односно согласно Правилата за однесување и дисциплина беше избран нов член (по предлог на Комисијата за работење со хартии од вредност, при Македонската Банкарска Асоцијација).

Исто така, на овогодинешното Собрание на акционери беше извршен избор на членови и претседател на Комисијата за арбитража, којашто претставува заедничко тело за разрешување на споровите помеѓу членките на Берзата и Депозитарот или членките и нивните клиенти согласно Правилата за арбитража на Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар на хартии од вредност АД Скопје.

## 9.6. Извештај за следење на усогласеноста на котираните друштва со Кодексот за корпоративно управување во 2022 година

Во септември 2023 година беше објавен Извештајот за следење на усогласеност на котираните друштва со Кодексот за корпоративно управување. Станува збор за прв извештај од ваков вид, изготвен со поддршка на Европската банка за обнова и развој и консултантите ангажирани од нејзина страна, којшто Берзата ќе го изготвува во иднина со цел да се следи напредокот на друштвата во исполнувањето на целите на Кодексот. Анализата на Берзата на одговорите од прашалниците на 28-те котирани друштва на кои се применува Кодексот, покажа дека иако нивото на усогласеност со одредбите и деловите од Кодексот варира, просечната стапка на усогласеност на корпоративното управување на сите друштва со Кодексот е 76% и истата е на доста задоволително ниво.

Информациите за нивото на усогласеност на друштвата со Кодексот во овој Извештај се однесуваат збирно за сите котирани друштва и се базирани на проценката што самите друштва ја навеле за нивната усогласеност со конкретните делови и одредби од Кодексот, при што Извештајот не навлегува во оценка на квалитетот на нивните практики на управување и известување.

Главните факти и бројки од Извештајот се следните:




СТАПКА НА УСОГЛАСЕНСОТ СО КОДЕКСОТ




УЧЕСТВО НА ЖЕНИ ВО ОРГАНИТЕ НА УПАРВУВАЊЕ

Усогласеност по делови од Кодексот




Дел 1: Права на акционерите и односи со акционерите (15 прашања)
Дел 2: Надзорен одбор (34 прашања)
Дел 3: Управен одбор (11 прашања)
Дел 4: Судир на интереси (4 прашања)
Дел 5: Ризик и контрола (14 прашања)
Дел 6: Засегнати лица, одржливост и прашања од општествен интерес (7 прашања)
Дел 7: Транспарентност и објавување (4 прашања)

5 Просечна големина на надзорен одбор

4 Просечна големина на управен одбор

7 Просечна големина на одбор на директори

Овој извештај беше разгледан од страна на Одборот на директори на Берзата на седницата одржана во септември, по што беше презентиран на годишната конференција на Берзата, а потоа и јавно објавен на веб страната на Берзата.

## 9.7. Внатрешна ревизија

Исполнувањето на законската обврска за вршење на внатрешна ревизија и оваа година Берзата ја остваруваше преку надворешен соработник за внатрешна ревизија, кој во предвидените рокови изготви Годишен извештај за внатрешна ревизија за 2022 година и Годишен план за ревизија за 2023 година и ги спроведе планираните ревизии за годината. Препораките дадени во извештаите за извршените ревизии беа усвоени од страна на неизвршните членови на Одборот на директори и беа соодветно спроведени во работењето на Берзата.

## 9.8. Учество во работата на работните групи/проекти за изработка на нови законски решенија и подготвување на коментари на истите

Во текот на месец март оваа година на електронската платформа ЕНЕР беа објавени Нацрт-Законот за финансиски инструменти и Нацрт-Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност. Во рокот даден за коментари на нацрт-законите, Берзата даде свои коментари и видувања во поглед на текстот на нацрт-законите, коишто ги прикачи на ЕНЕР и ги достави и по пат на електронска пошта до контакт лицето од Министерството за финансии.

Во 2023 година, претставниците на Берзата учествуваа во работата на работната група во проширен состав за правото на трговски друштва, формирана од Министерството за економија, како дел од ИПА проектот: Зајакнување на внатрешниот пазар/Компонента 3 поврзана со активностите за усогласување на националното законодавство во надлежност на Поглавјето 3.06. Право на трговските друштва, со најновото законодавство на Европската Унија. Имено, во рамки на оваа работна група, беа организирани работилници на кои присуствуваа претставниците на Берзата и на кои од страна на експертите во овој проект беше презентирана извршената анализа на националното законодавство со законодавството на ЕУ, првата верзија на Предлог-законот и добиените коментари од јавната расправа за истиот по објавата на платформата ЕНЕР, а кон крајот на годината од Министерството за економија беше испратена и верзијата на Предлог-законот за трговските друштва по добиените коментари.

## 9.9. Активности на Берзата околу промоција на ESG Известувањето

Во текот на годината Берзата преку свои претставници активно учествуваше во повеќе едукативни и промотивни настани, работилници и конференции поврзани со промоција на концептот на ESG известување, а со цел подобрување на корпоративните практики на друштвата за информирање на инвеститорите околу прашањата поврзани со животната средина, општествената одговорност и управувањето и интегрирање на овој концепт во бизнис моделите на друштвата.

## 9.10. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања од надлежните органи и институции, како и од физички лица, во главно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 9.12. Судски и нотарски постапки

Со цел присилна наплата на побарувањата што Берзата ги има спрема одредени должници по основ на долг за годишниот надомест за котација, беа преземени потребните дејствија пред нотар, односно извршител.

## 9.13. Известувања до Комисијата за хартии од вредност

Во текот на 2023 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност на РСМ, како и други акти, извештаи и известувања согласно Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари.

## 10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 10.1. Презентации

Предавања

Со цел подигнање на нивото на финансиска едукација и запознавање со улогата на Берзата во рамките на финансискиот систем, Берзата во текот на 2023 година одржа низа презентации на повеќе од **250** ученици и студенти, кои имаа можност да се запознаат подетално со активностите и развојот на Берзата и развојот на пазарот на хартии од вредност и тоа:



- студенти од Универзитет Американ Колеџ – Скопје
- ученици од СОУ Јосиф Јосифовски Гевгелија
- студенти од Економски факултет Скопје
- студенти од Факултетот за бизнис и економија на Универзитетот на Југоисточна Европа
- СОУ Гоце Делчев од Валандово
- студенти од Факултетот за економија при Меѓународниот Славјански Универзитет од Свети Николе
- студенти од Правниот факултет при Универзитетот Гоце Делчев од Штип
- ученици од средното економско училиште СОЕПТУ,,Кузман Јосифоски –Питу Прилеп

Настани, работилници и соработка со други институции



Со поддршка на Европската банка за обнова и развој, изготвен„Извештајо т за следење на усогласеноста на котираните друштва со Кодексот за корпоративно управување“



Одбележување на седмото издание на Деновите на финансиска писменост што се одржа од 21-ви до 23-ти ноември 2023 година



Во соработка со Македонската Банкарска Асоцијација, пред победничките тимови на овогодишниот национален натпревар „Европскиот квиз на пари“ од ООУ „Мите Богоевски“ – Ресен беше одржано тематско предавање за улогата на берзата на финансискиот пазар во нашата земја



Во рамките на соработката со Академијата на Загрепската берза, на 28.02.2023 година се одржа еднодневен курс на тема Вовед во ETF - ови. На настанот присуствуваа 34 лица од нашата држава



Продлабочување на билатерната соработка со Загребска берза преку одржување на работилници помеѓу секторите од двете берзи

### 10.3. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата

Во текот на 2023 година претставници на Берзата зедоа учество на повеќе обуки и настани:

Претставник на Берзата присуствување на конференцијата посветена на важноста на критериумите „ESG“ (животна средина, социјални прашања и владеење), на која се истакна нивното влијание врз долгорочната одржливост на бизнис. Настанот беше во организација на Американската стопанска комора во Северна Македонија (AmCham);

Присуство на дводневниот настан (15-16.03.2023 година) Pitch.Match.Grow volume 2 во организација на PwC North Macedonia.

Присуствуво на презентацијата на проектот Дигитална Берза Адриа (Adria Digital Exchange).

Претставник на Берзата присуствуваше на настанот за промовирање на Националниот Секретар на Европскиот институт за иновации и технологија во Македонија.



Учество на конференцијата „Обезбедени обврзници: потреби и перспективи за Северна Македонија, во организација на Адвокатска канцеларија Лазаров од Скопје и Eversheds Sutherland Sofia.

Присуство на Третата годишна меѓународна конференција насловена „Европска интеграција и економски просперитет“ („Европа - Да, Европа - сега“)“, под покровителство на Скопскиот економски и финансиски форум SEFF.

Учество на Деветтата годишна истражувачка конференција, во организација на Народната банка на Република Северна Македонија, во соработка со Комитетот за преобразување на Бретон Вудс на тема: „Повторното актуелизирање на инфлацијата и новите геополитички реалности во прилог на преосмислувањето на макроекономската политика“.

Присуство на годишениот настан Erste Investors’ Breakfast, конференција во организација на Ерсте Групацијата и Шпаркасе Банка АД Скопје.

Учество на 86-тата Средба на правници, одржана во Охрид, на која помеѓу останата пробелематика од страна на претставници на Комисијата за хартии од вредност беа презентирани новите закони од областа на пазарот на капитал.



Присуство на on-line модуларна обука за корпоративно управување за членови на органите на управување, извршниот менаџмент, корпоративните секретари и останати заинтересирани лица, во организација на Загребската берза.

Учество на Конференција на тема „Зајакнување на корпоративното управување во Северна Македонија: Известување за одржливоста и зголемување на улогата на одборите за ревизија, организирана од Центарот за реформа на финансиското известување (ЦФРР) на Светска банка како дел од неговиот регионален проект наречен Пат кон Европа: Програма за реформа на сметководството и за институционално зајакнување за мали и средни претпријатија (РЕПАРИС за МСП), спроведена во соработка со Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

Присуство на Обука за ESG организирана од AmCham Северна Македонија, на која предавања одржаа претставници од консултантската фирма IMPACTA од Грција.

Учество на учество на втората ESG конференција чиј домаќин беше AmCham Северна Македонија, во DoubleTree by Hilton во Скопје.



Присуствуво на Петтиот состанок на Работната група за следење на спроведувањето на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија (составена од претставници на регулаторните институции, здруженијата на приватниот сектор и граѓанскиот сектор).

Учество на конференцијата во организација на М6 Едукативниот центар - „Женското лидерство - време е да се скрши „стаклениот покрив“ преку премостување на родовиот јаз“.

Во текот на 2023 година, преку инфраструктурата на апликацијата на едукативната игра Виртуелна берза, беа активни учесниците на 4-те посебни лиги, како дел од образовниот процес и тоа:



- Посебна лига за Економски факултет при Универзитетот во Тетово;
- Посебна лига за Универзитет Американ Колеџ – Скопје;
- Посебна лига за Економски факултет Скопје УКИМ;
- Посебна лига за СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ Скопје.

Преку
300
учесници

## 10.5. Одбележување на Глобалната недела на парите

Преку едукативна посета и тематско предавање за функционирањето на Берзанскиот Електронски Систем за Тргување (БЕСТ) пред учениците од СОСУ "Св.Кирил и Методиј"-Охрид беше одбележана Глобалната недела на парите. Финансиските регулатори во соработка со асоцијациите и институциите од приватниот и граѓанскиот сектор што се активни во доменот на финансиската едукација, единаесетта година по ред ја одбележаа Глобалната недела на парите што годинава се одржа од 20 до 26.03.




Целта на Глобалната недела на пари е да ги поттикне младите да инвестираат во својата иднина, истакнувајќи ја важноста на раната финансиска едукација, со што ќе им помогне да станат свесни за своите финансиски права,
ќе им ја олесни пристапноста до финансиските услуги и ќе ги развие нивните финансиски вештини.

# 11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Годишна конферецнија на Македонска берза

На 27-ми септември во Охрид во организација на Македонската берза АД Скопје се одржа 22-та Годишна конференција на Берзата со присуство на преку 200 претставници од финансискиот сектор и индустријата на хартии од вредност, котираните компании и другите друштва, државните институции и сите останатите субјекти чија дејност е поврзана со работењето или инвестирањето во хартии од вредност.

Конференцијата со воведни обраќања ја отворија Министерот за финансии, г-дин Фатмир Бесими и Претседателката на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, г-ѓа Нора Алити.

## 11.2. Инвеститорски ден на Берзата

Четврта година по ред на Македонска берза успешно се одржа „Инвеститорски ден“, на којшто сите домашни физички лица имаа можност да тргуваат со акции на сите пазарни сегменти без да ги платат провизиите кон Берзата, Централниот депозитар на хартии од вредност и овластените пазарни учесници (банки и брокерски куќи), во износ на остварен промет до 10.000 евра.




На „Инвеститорски ден“ на Берзата се склучија вкупно 207 трансакции што претставува најголем број склучени трансакции во еден ден на тргување во 2023 година.

Вкупниот промет од тргување во БЕСТ системот со акции надмина 595 илјади евра. Во БЕСТ системот беа внесени вкупно 336 налози за тргување, што исто така претставува најголем број на внесени налози во берзанскиот систем за тргување во 2023 година.

Иницијативата „Инвеститорски ден“ и оваа година ја прифатија и во неа активно се вклучија сите десет членки на Берзата и Централниот депозитар за хартии од вредност, а истата доби поддршка и од Комисијата за хартии од вредност.

## 11.3. Денови на македонскиот пазар на капитал пред хрватските инвеститори

На 03 мај 2023 година, во Скопје, се одржа настанот „Денови на македонскиот пазар на капитал“ во организација на Македонската и Загребската берза. Настанот на едно место собра преку 50 претставници на хрватските и македонските брокерски куќи и банки, инвестициски и пензиски фондови, котирани компании, регулатори, депозитари и други учесници на пазарот.
Со оглед на сопственичката поврзаност на Македонската и Загребската берза и интенцијата за продлабочување на билатералната стратешка соработка, примарната цел на настанот беше учесниците на хрватскиот пазар на капитал детално да се запознаат со македонскиот пазар, со што ќе се олесни нивниот пристап до истиот.



Во рамките на овој настан, хрватските претставници реализираа работна посета во Алкалоид АД Скопје. На средбата хрватската делегација, чиј домаќин беше Генералниот директор и Претседател на УО на Алкалоид, Живко Мукаетов, проследија презентација која ги опфати остварените резултати од работењето на Алкалоид, производственото портфолио и деловните операции.

Во рамките на настанот се одржаа и презентации од македонските котирани компании во просториите на М6 Едукативен центар:

- Комерцијална банка АД Скопје;
- НЛБ Банка АД Скопје;
- Гранит АД Скопје;
- Макпетрол АД Скопје;
- Реплек АД Скопје.





## 11.4. Работна средба на Македонска берза со Сојузот на стопански комори по повод одбележување на првиот ден на тргување на Македонска берза



На 28 март 2023 година, во просториите на Македонска берза АД Скопје, е одржана работна средба со повеќе членки на Сојузот на Стопански комори. На средбата присутните бизнисмени одблиску се информираа за можностите што ги нуди Берзата и македонскиот пазар на хартии од вредност и подетално се запознаа со условите за котација на Берзата и моменталната пазарна сегментација. Воедно, во оваа прилика претставниците на деловната заедница имаа можност да го проследат берзанското тргување во живо и да видат како се склучуваат трансакциите со хартии од вредност.

Оваа работна средба се одржа по повод одбележување на првиот ден на тргување на Македонска берза (28 март 1996 година) и е активност во рамките на веќе потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Берзата и Сојузот на Стопански комори којшто има за цел да го поттикне бизнис секторот своите инвестициски проекти да ги реализира и преку пазарот на капитал.

## 11.4. Формирање и почеток со работа на Клубот БУМ ( Берзата И Успешните во Македонија)

Македонска берза АД Скопје во рамките на своите заложби за промовирање на пазарот на капитал како место каде компаниите може да ги финансираат своите развојни планови, во првиот квартал од 2023 година започна со активности за организирање на т.н. „Клуб БУМ“ (Берза и Успешните во Македонија), преку којшто ќе се промовира и споделува знаење, конкретни практики и искуства во врска со процесот на небанкарско пазарно финансирање на бизнисите. Оваа активност се реализира во партнерство со PWC Македонија.

Во согласност со целите на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Берзата и Сојузот на стопански комори во 2019 година, Сојузот ја прифати поканата на Берзата да стане официјален партнер на Клубот БУМ.

На **07 јуни 2023 година**, во хотелот DoubleTree Hilton Скопје, се одржа **официјална промоција на деловниот клуб** - Клубот БУМ. На настанот специјална презентација имаше Никола Дујмовиќ, Извршен директор и основач на Span, првата хрватска ИТ компанија.

Целта на формирање на Клубот БУМ е стратешка поддршка на домашните компании за нивен одржлив раст на долг рок, обезбедување на специфичен know-how и градење на мрежа за олеснета комуникација со останати компании, организаторите и партнерите на клубот, како и со избрани релевантни регионални субјекти. Клубот ќе настојува да помогне како да се поврзат инвеститорите и компаниите – членки на Клубот, во нивните обиди за финансирање на сегашните или идни деловни идеи и проекти, со акцент на процесот на небанкарско финансирање на бизнисите преку пазарот на капитал.

Клубот ќе биде со високо профилирано индивидуално членство на ниво на сопственици или врвни менаџери, а членството во клубот ќе биде бесплатно.

Стекнатото знаење, вештини и искуства во рамките на Клубот би требало да им помогнат на компаниите поефективно да го управуваат својот развој и навремено да преземат потребни чекори за избор на најсоодветни опции за финансирање во иднина, без разлика дали финансискиот потенцијал ќе се детектира кај институционални инвеститори, приватен или ризичен капитал, односно јавните пазари на хартии од вредност.






После одржување на официјалната промоција на Клубот БУМ се пристапи кон организација на работата на Клубот. По испратената апликација за членство во Клубот, во наведениот рок беа доставени вкупно 28 апликации за членство. Апликациите беа разгледани од страна на Комисија составена од членови на организаторите на Клубот, односно од Македонска берза АД Скопје и PWC North Macedonia. После разгледување на апликациите во првата фаза од работата на Клубот беа примени вкупно **21** компанија кои ги исполнија критериумите во поглед на капиталот, вкупните приходи и бројот на вработени во компанијата. За останатите компании се бараат модалитети за нивно активно вклучување во наредните фази од работата на Клубот. Команиите се од широк опсег на деловни сектори, како што се IT технологија, градежништво, финансиски услуги, производство на индустриски и стоки за широка потрошувачка и суровини

**Листа на членки на БУМ Клубот:**

| | |
|---|---|
| 1 | ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ СКОПЈЕ |
| 2 | РЕПТИЛ ДООЕЛ Скопје |
| 3 | Малина Велес |
| 4 | ДПОЗ „ТРГОПРОДУКТ“ ДОО |
| 5 | Виталиа Никола и др. ДОО |
| 6 | ДПУТ БУЧЕН КОЗЈАК ДОО |
| 7 | Nextsense (Некстсенс) |

| | |
|---|---|
| 8 | МГ ФЕШН |
| 9 | СПЕЦИЈАЛ ПРОДУКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| 10 | БВ Инженеринг ДООЕЛ Битола |
| 11 | PERPETUUMOBILE SECURITY |
| 12 | ХАНТЕРС ДООЕЛ Скопје |
| 13 | АКЦЕНТ ДООЕЛ |
| 14 | ФД Динерс Клуб Интернационал МАК АД Скопје |
| 15 | ДТПУ ИНТЕЛКОМ ДОО СКОПЈЕ |
| 16 | ЗТД Унипласт БК д.о.о. |
| 17 | Солопром и Фреш Фарм |
| 18 | ЗЕГИН ДОО Скопје |
| 19 | Бовин Винарија |
| 20 | Data Masters |
| 21 | Ариљеметал доо |

На **12.10.2023** година се одржа **првиот состанок со компаниите - членки на клубот БУМ.**



Експерти од PWC и Берзата пред членките презентираа свои видувања како компаниите успешно да се подготоват за евентуални спојувања, преземања, стратешки партнерства и излегување на берза, односно подетално се запознаа со функционирањето и можностите коишто им ги нуди Берзата. Излагање имаше и претставник на ФК Брера Струмица, кој ги информираше присутните за актуелната бизнис приказна на оваа компанија што е поврзана со котацијата на нивната мајка-компанија на берзата NASDAQ.

## 11.5. Работилница за презентирање на наодите од извршениот преглед на актуелните состојби на македонскиот пазар на капитал

Во 2023 година, започнаа активностите за реализација на проектот со Европската банка за обнова и развој за изработка на среднорочна стратегија за работењето на Берзата како компанија, вклучително и од аспект на нејзиното сопственичко учество во Централниот депозитар за хартии од вредност. Во врска со ова, беа организирани и се одржаа средби со засегнатите страни и неколку состаноци со консултантската компанија Bourse Consult избарана од ЕБОР, со присуство и на претставник на ЕБОР, при што беше усвоен Inception Report за проектот, согласно кој е предвидена следната динамика:

- Оценка и подготовка на Дијагностички извештај
- Организирање на Објаснувачка работилница
- Подготовка на Стратегија за развој на пазарот и бизнис план за Берзата
- Организирање на завршна работилница
- Доставување на Конечен извештај.

Секоја од наведените фази се состои од повеќе подфази со конкретни активности, при што за сето време е планирана и остварена постојана комуникација помеѓу консултантите, Берзата и ЕБОР за подетални усогласувања. Со цел поцелосна проценка на состојбите на пазарот, покрај состаноците со претставници на Берзата, беа одржани бројни состаноци со претставници на Министерството за финансии, Народна Банка, Комисијата за хартии од вредност, Централниот депозитар, Загребската берза, членки на Берзата, котирани друштва, пензиски и инвестициски фондови, како и избрани домашни и странски инвеститори присутни на македонскиот пазар на хартии од вредност.



На 04.07.2023 година, во просториите на Македонска берза, се одржа работилница за презентирање на наодите од извршениот преглед на актуелните состојби на македонскиот пазар на капитал, на која интерактивно се дискутираше за можните правци за развој на Берзата во иднина.

## 11.6. Почеток на тргување со граѓанската обврзница преку Берзата



На 25.07.2023 година, Министерот за финансии Фатмир Бесими во Македонската берза заедно со директорот Штериев симболично, со заѕвонување на ѕвоното, го означија стартот на тргувањето со граѓанската обврзница. Првата емисијата на граѓанска обврзница беше издадена во текот на овој месец, при што на аукцијата беа запишани обврзници од вкупно 1.448.030.000 денари.

Котацијата и отпочнувањето со тргување на Берзата со граѓанските обврзници, покрај тоа што на нивните иматели ќе им обезбеди централизирано место за продавање и купување на истите, претставува и проширување на понудата на финансиски инструменти на нашиот пазар.

## 11.7. Годишни награди на Македонска берза за 2023 година



На 21.12.2023 година се одржа церемонија на доделување на Годишни награди на Македонска берза за 2023 година за котираните компании, членките на Берзата и други субјекти поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност.

Трета година по ред, Македонска берза доделува годишни награди во повеќе категории, при што дел од наградените добитници се одредуваат врз основа на квантитативни податоци, како што се берзанскиот промет, цените, истргуваната количина на хартии од врдност и бројот на трансакции. Согласно усвоената Методологија за доделување на наградите од страна на Одборот на директори на Берзата пресекот за овие награди се прави вториот петок во декември. За останатиот дел од наградите одлучуваа специјални комисии составени од пазарните учесници, експерти и претставници на медиумите, а за наградата „Акција на годината“ одлучуваше поширокота инвестициска јавност преку анкета на сајтот на Берзата и Интернет порталот Фактор.

Добитници на Годишните награди на Македонска берза за 2023 година се:

**Категорија „Акција со најголем промет во 2023 година“**

| | |
|---|---|
| Акционерски друштва над 50 милиони евра пазарна капитализација | Комерцијална банка АД Скопје |
| Акционерски друштва под 50 милиони евра пазарна капитализација | УНИ Банка АД Скопје |

**Категорија „Акција со најголем пораст на цената во 2023 година“**

| | |
|---|---|
| Акционерски друштва над 50 милиони евра пазарна капитализација | Комерцијална банка АД Скопје |

| | |
|---|---|
| Акционерски друштва под 50 милиони евра пазарна капитализација | УНИ Банка АД Скопје |

**Категорија „Акција со најголем пораст на прометот во 2023 година“**

| | |
|---|---|
| Акционерски друштва над 50 милиони евра пазарна капитализација | ОКТА АД Скопје |
| Акционерски друштва под 50 милиони евра пазарна капитализација | Стопанска банка АД Битола |

**Категоријата „Членка на годината за 2023 година“**

| | |
|---|---|
| Најголем промет и трансакции од редовно тргување со акции | Илирика Инвестментс АД Скопје |
| Најголем промет и трансакции со обврзници | Еурохаус АД Скопје |

**Категорија „Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2023 година“**

| | |
|---|---|
| по избор на пазарни учесници | Комерцијална банка АД Скопје |
| по избор на новинари | Алкалоид АД Скопје |

**Категоријата „Акција на годината за 2023 година по избор на јавноста“**

| | |
|---|---|
| Наградата „Акцијата на годината по избор на јавноста“ се доделува на котирано акционерско друштво, избрано со гласање преку онлајн анкета на веб страниците на Берзата и интернет порталот „Фактор“. | Алкалоид АД Скопје |

**Категоријата „Годишна награда за придонес во областа на едукацијата и развојот на пазарот на хартии од вредност“**

| | |
|---|---|
| Успешно издавање на низа нови државни хартии од вредност, односно двете емисии на граѓански обврзници, како и новите “зелени” и структурни обврзници даде успешен пример и ја збогати понудата на домашниот пазар. | Министерство за финансии на Република Северна Македонија |

## 11.8. Македонска берза втора година по ред се приклучува кон иницијативата “Ring the Bell for Gender Equality 2023”

Македонска берза и оваа година се приклучи кон Иницијативата “Ring the Bell for Gender Equality”. Темата за 2023 година беше “DigitAll: технологија и иновации за родова еднаквост“, со што токму на



Меѓународниот ден на жената се препознава придонесот на жените ширум светот кои се залагаат за унапредување на трансформативната технологија и дигиталното образование. Иницијативата беше поддржана од 123 други берзи има за цел подигнување на свеста за родовата еднаквост во приватниот сектор, прашањата поврзани со економијата, финансиите и одржливиот развој.

Родова анализа на органите на управување на котираните акционерски друштва на Македонска берза

Во функција на зајакнување на општествената свест за поттикнување на поголема родова рамноправност, Берзата изработи кратка анализа за состојбите на овој план во органите на управување кај македонските котирани друштва.

Ова е 9-та кампања на глобалната иницијатива „Да заѕвониме за родова рамноправност“ којашто е партнерство помеѓу Меѓународната финансиска корпорација (IFC), Светската федерација на берзи (WFE), Иницијативата за одржливи берзи (SSE), во која Македонската берза е учесник, Глобалниот договор на ОН, UN Women и Women in ETFs, за промовирање на родовата еднаквост на пазарите на капитал. земји, со цел подигнување на свеста за клучната улога на приватниот сектор во унапредување на родовата еднаквост, како глобална цел за одржлив развој.

## 11.9. Глобална иницијатива „Да заѕвониме за финансиска писменост“



Во рамките на глобалната иницијативата „Да заѕвониме за финансиска писменост“, на 26 октомври во просториите на Македонска берза АД Скопје се одржа едукативен настан на тема „Заштеди и инвестирај за подобра иднина“ во организација на Берзата и Капитал Финансиски центар. Посетителите на овој настан, покрај начините на управување со личните и семејни буџети, беа запознаени со улогата и начинот на функционирање на Берзата, односно на останатите институции на македонскиот пазар на хартии од вредност.

## 11.8. Промоција на продуктите на Берзата

Со цел континуирано присуство во јавноста, подобро запознавање за тоа што се случува на Берзата, во текот на 2023 година беа објавени:




## 11.9. Соработка со медиуми

## 12. ОБЈАВИ НА АД ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ

Акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност, чии хартии од вредност не котираат на берза и не се водат во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување имаат обврска за известување на јавноста согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност. Во 2023 година преку интернет страната на Берзата беа администрирани и објавени вкупно 471 објава од акцинерскитте друштва на Слободен пазар.

## 13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународните активности на Берзата во 2023 година беа фокусирани на:

CEE Линк

- На почетокот од годината **се збогати содржината на интернет страната на СЕЕ Линк** со повеќе корисни информации за пазарите и се започна со објава на месечните статистички податоци на берзите, членки на СЕЕ Линк. Податоците се објавени на официјалната интернет страна и Linkedin профилот на друштвото.

- На 05.06.2023 година во организација на СЕЕ Линк се одржа **онлајн конференција со разработка на ЕСГ проблематиката преку пристап од 360 степени** односно визијата за одржлива иднина. Над 80 учесници, преставници на компании, консултанти, инвеститори од пазарите на капитал во Југоисточна Европа имаа можност да добијат вредни сознанија за тоа како ESG- environmental, social and corporate governance може да ја подобри нивната инвестициска стратегија и деловни практики. Говореа претставници од Лондонската берза, Европската комисија, Алкалоид АД Скопје, ИнтерКапитал Хрватска и Денкштад Бугарија.

- Во текот на 2023 година продолжија редовните on-line состаноци на Надзорниот одбор на СЕЕ Линк, на кои се следеше работењето на компанијата, се оценуваше финансиската состојба и се анализираа можностите за развој на компанијата во иднина.

Учество на меѓународни и регионални настани

Во рамките на континуираните активности за промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност на разни регионални и меѓународни настани од обласа на пазарот на капитал, претставници на Македонската берза и/или котираните компании на Берзата зедоа учество на следниве настани:

| | |
|---|---|
| Мај 2023 | Присуство на годишната конференција на Љубљанска берза во Порторож, Словенија. |
| Јуни 2023 | На покана на Асоцијацијата на деривативни пазари, Главниот извршен директор учестувавуше на годишната конференција на Асоцијацијата на панелот Меѓународна берзанска соработка што се одржа на 06.06.2023 година во Будимпешта. |
| Јуни 2023 | Присуство на годишното редовно собрание на ANNA (Asociation of National Numbering Agencies) во Лондон, Велика Британија.Во рамки на овој настан беа остварени повеќе средби со други депозитари во функција на планирање на идниот развој на ЦДХВ, во којшто Берзата е најголем поединечен акционер. |
| Септември 2023 | Претставник на Берзата учествуваше на 10-тиот Onsite Training во организација на Федерацијата на Евроазиски берзи (ФЕАС), чиј домаќин беше Атинска берза. На настанот присуствуваа 19 претстваници од 12 членки на ФЕАС. Агендата вклучуваше 18 раличични теми и можност за подетално запознавање со работата и активностите на Атинската берза |
| Септември 2023 | Во Белград претставник на Берзата присуствуваше на настанот Пристап до финансии: "Synergy in Learning: Catalyzing SMEs' Financing in The Western Balkans" (Learning event) во организација на регионалниот проект на USAID Catalyze Western Balkans - Engines of Growth Project. На настанот беше презентирано досегашното искуство на Берзата во врска со промоцијата на crowdfunding платформата Funderbeam |

| Октомври 2023 | Присуство на Годишната конференција на Загребската берза |
|---|---|
| Ноември 2023 | Главниот извршен директор заедно со извршните директори на берзите на Романија, Хрватска и Македонија учествуваше на панел дискусија во рамките на Investor Finance Forum 2023, што се одржа во Софија, Бугарија. |
| Декември 2023 | Две македонски компании (Комерцијална банка АД Скопје и Алкалоид АД Скопје) земаа учество на инвестициската конференција „ CEE Investment Opportunities “ во Љубљана, настан во заедничка организација на Љубљанската и Загребската берза. |

Македонска берза - полноправна членка на Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS)




Преку враќање во 2023 година во полноправно членство во ФЕАС Македонска берза ја поддржува визијата и мисијата на Федерацијата да придонесува за соработка, развој, поддршка и промоција на пазарите на капитал во Евроазискиот регион. Во текот на 2023 година, Македонска берза обезбеди статистички податоци и одговарање на прашалници поднесени од членките на Федерацијата.

На 14.06.2023 година во Ереван, Ерменија, во хибриден формат се одржа 37-то Годишно Собрание на ФЕАС на кое Берзата имаше on-line присуство и на кое, по електронски пат, учествуваше во изборот на раководните и работните тела на Федерацијата.

На 14.11.2023 година во Алмати, Казахстан, се одржа 38-то Генерално собрание на ФЕАС на кое, преку on-line присуство учествуваше и претставник на Берзата.

## 14. ДИСТРИБУЦИЈА НА БЕРЗАНСКИ ПОДАТОЦИ

Во извештајниот период Берзата ја продолжи континуираната комуникација со овластените дата вендори (Refinitiv, Bloomberg, Vienna Stock Exchange), а воедно одговораше на одредени барања и прашања од страна на вендорите.

## 15. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на трговски друштва |
|---|---|---|
| Тони Стојановски | Стопанска банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Стопанска банка АД Скопје, член на Управен Одбор<br><br>Македонска Берза АД Скопје- неизвршен член на Одбор на директори |
| Ивана Гажиќ | Загребска берза АД Загреб, Хрватска<br>Дејност: Управување на финансиски пазар | Загребска берза АД Загреб, Хрватска, Претседател на Управен одбор<br><br>Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Нина Неданоска | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје – Заменик Претсетадел на Управен одбор<br><br>Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Михајло Брова Зиков | Комерцијална банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Славчо Филипчев | Грант Торнтон Консалтинг ДОО Скопје<br>Дејност: консултански, даночни и сметководствени услуги | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Иван Мишев | Адвокатско друштво Папазовски Мишев | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Горан Анастасовски | КИБС АД Скопје<br>Дејност: Платни системи | КИБС АД Скопје – Претседател на Управен одбор<br><br>Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Иван Штериев | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност: Управување со финансиски пазари | Македонска берза АД Скопје - Главен извршен директор<br><br>Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |

Остварените надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот за г-динот Тони Стојановски, г-ѓа Ивана Гажиќ, г-ѓа Нина Неданоска и г-дин Горан Анастасовски соодветно ќе бидат прикажани во Годишниот извештај на Стопанска банка АД Скопје, во ревидираните финансиски извештаи на Загрепска берза АД Загреб, во Годишниот извештај на Шпаркасе банка АД Скопје, односно во Белешките на ревизорските финансикси извештаи на КИБС АД Скопје, кои ќе бидат јавно достапни.

Годишните нето примања за 2023 година на другите неизвршни членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 2.691.304 денари, 876.000 денари и 1.514.182 денари.

Податоците за надоместоците и примањата на неизвршните членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

Согласно Одлуката бр.02-697/1 од 30.05.2018 година, Берзата исплатува месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на неизвршните членови во нето износ од 15.000 денари, по член. Износот на надоместоците на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во 2023 година е прикажан во глава 16 од овој Извештај.

Податоците за остварените примања на Главниот извршен директор од Берзата за 2023 година се прикажани во глава 16 од овој Извештај, а остварениот нето надоместок од извршувањето на функцијата неизвршен член во Одборот на директори во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје изнесува 291.459 денари.

## 16. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА

Во 2023 година Македонската берза АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **43.208.569 денари** и истите се помали за 21,6% во споредба со приходите остварени во 2022 година, што примарно се должи на падот на приходите од надоместот од тргување што е објаснето подолу во Извештајот.

**Приходите остварени од камати и вложувања во финансиски инструменти** изнесуваат **1.747.682 денари** и бележат пораст од 25,4% во однос на остварените во 2022 година, како резултат на поповолно пласирање на доспеани средства од орочени депозити, односно искористување на повисоките каматни стапки на пазарот.

Со состојба на 31.12.2023 година износот на пласираните парични средства на Берзата номинално изнесува 83,05 милиони денари, при што покрај во орочени банкарски депозити, дел од средствата се пласирани во долгорочни државни хартии од вредност, во државни записи и во отворен паричен инвестициски фонд. Берзата има денарски депозити орочени на 12 и 36 месеци во следните банки: Шпаркасе банка АД Скопје (10 милиони денари), Стопанска банка АД Скопје (10 милиони денари), ТТК Банка АД Скопје (10 милиони денари) и УНИ Банка АД Скопје (10 милиони денари) со каматни стапки што се движат до 2,6%. Друштвото поседува долгорочни државни хартии од вредност во номинална вредност од 31 милиони денари (15 годишна државна обврзница со годишна каматна стапка од 3,2% и 7 годишна државна обврзница со годишна каматна стапка од 1,625%) и едногодишни државни записи издадени од Република Северна Македонија, во номинална вредност од 10 милиони денари, со купонска камата од 4%. Воедно, со состојба 31.12.2023 година Берзата поседува 40.575,5860 удели во паричниот фонд КБ Публикум Инвест во вкупен износ од 5.556.636 денари. Како резултат на усогласување до објективната вредноста на уделите со состојба 31.12.2023 година остварени се приходи во износ од 286.609 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 2.034.291 денари, наспроти ланските 1.830.703 денари. Финансиските приходи во вкупните приходи учествуваат со 4,7%.

**Приходите по основ на провизии и надоместоци** изнесуваат **32.730.200 денари** и се за 26,6% пониски во однос на остварените во 2022 година, како резултат на помалку остварени приходи од тргување во 2023 во споредба со лани. Подолу, подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од **2.558.938 денари** и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за испит за брокери, надоместоци за користење на Берза-Нет и надоместоци за користење на станици за набљудување. Приходите од членство учествуваат со 5,9% во вкупните приходи.

- Од **надомест за тргување** во 2023 година се приходувани **17.294.615 денари** што претставува 40% од вкупните приходи во 2023 година. Надоместокот за тргување остварен во 2023 година е за 40,5% помал во споредба со лани. Имено, кај приходот по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучени трансакции во БЕСТ системот е забележано намалување од 35,5% (од 16.713.766 денари во 2022 година на 10.785.335 денари во 2023 година), приходот од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 40,1% (од 9.477.588 денари во 2022 година на 5.672.720 денари во 2023 година), а приходот од тргувањето со обврзници е намален за 45,7% (од 1.521.732 денари во 2022 година на 826.106 денари во 2023 година).

- Остварени се приходи по основ на **надомест за котација** во износ од **8.165.000 денари** или 18,9% од вкупните приходи и на годишно ниво бележат намалување од 1,5%. Годишен надомест за котација е фактуриран на вкупно 89 акционерски друштва што во текот на 2023 година имаа котирани хартии од вредност на Официјалниот пазар на подсегментите Супер котација, Берзанска котација и Задолжителна котација, со фактуриран приход од 6.675.000 денари. Во 2023 година е остварен надомест од 1,2 милиони денари за котација на државните хартии од вредност, согласно важечкиот Договор за котација на државните обврзници помеѓу Берзата и Министерството за финансии, приходи од 280.000 денари од котацијата на шест корпоративни должнички хартии од вредност, како и 10.000 денари за еднократен надоместок за котација на останати долгорочни хартии од вредност.

- Во 2023 година се остварени **приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон** во висина од **4.711.647 денари**, наспроти ланските 4.635.708 денари и истите учествуваат со 10,9% во вкупните приходи. Од диструбуција на податоци се приходувани 3.623.647 денари, а 1.088.000 денари од објави на веб согласно закон. Овие приходи се поголеми во однос на лани за 1,6%.

Во 2023 година Берзата оствари **останати приходи од дејност** во износ од **6.953.250 денари**, што претставува 16,1% од вкупните приходи, и истите се за 10,6% повисоки во однос на остварените во 2022 година. Во останатите приходи од дејност најголемо учество имаат приходите од превентивно одржување на софтверски систем, при што од одржување на софтверскиот систем за брокерско работење Берзата оваа година оствари приходи од 1.846.770 денари (наспроти ланските 1.971.880 денари), а од одржувањето на системот за тргување на берзата во Тирана приходувани се 830.946 денари (739.536 денари во 2022 година). Од спонзорства и котизации за учество на годишната конференција на Берзата остварен е приход од 1.446.271 денари, наспроти ланските 1.377.704 денари, од закуп на деловен простор се остварени 1.185.347 денари (1.196.563 денари во 2022 година), од продажба на лиценци за софтвер приходувани се 784.280 денари, а по основа на приходи од сомнителни и спорни побарувања остварени се 309.539 денари. Од закуп на медиумски простор Берзата има приходи од 251.718 денари, а во категоријата останати приходи од дејност спаѓаат вонредните приходи од 205.825 денари, други приходи од 63.408 денари и приходи од обуки во висина од 29.146 денари.

Берзата оствари учеството во добивката на Депозитарот во висина од 292.649 денари како **удел во добивка на придружено друштво.**

Остварени се **приходи по основ на дивиденда во банки и други финансиски институции** во висина од 1.189.000 денари (лани се приходуваа 2.378.000 денари) како резултат на исплата на дивиденда од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност, каде Берзата поседува 28,67% од акциите.

Остварени се приходи од 9.179 денари по основ на **курсни разлики.**

Во 2023 година се остварени **вкупни расходи** во висина од **41.078.907 денари** и се за 3,1% пониски во однос на минатогодишните 42.395.800 денари. Намалувањето на вкупните расходи е примарно резултат на помалиот надомест за надзор што оваа година Берзата го плати на Комисијата за хартии од вредност, а што се должи на помалку остварените приходи што се наплаќаат по Тарифник (најмногу поради помалку остварените приходи од надомест од тргување).

Во 2023 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **6.672.007 денари**, наспроти ланските 8.355.368 денари, и истите учествуваат со 16,2% во вкупните расходи. За надзор на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност Берзата плати 6.500.000 денари (во 2022 година овој надомест беше 8.027.893 денари). Ова намалување е резултат на помалку остварените приходи од тргување оваа година во споредба со лани. Расходот на име провизии од банки и други финансиски институции во 2023 година изнесува 172.007 денари и е за речиси 50% понизок во однос на минатата година поради поголемите трошоците што лани Берзата ги плати за купување на акции од Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Трошоци за вработени** во 2023 година изнесуваат **18.432.099 денари** и се состојат од бруто плати и останати користи. Истите изнесуваат 44,8% од вкупните расходи. Износот на бруто платата на извршниот член на Одборот на директори изнесува 4.845.802 денари.

**Амортизацијата** на средствата е пресметана во износ од **4.232.899 денари**, што претставува 10,3% од вкупните расходи и е за 20% повисока во однос на минатогодишната пресметана амортизација од 3.516.957 денари како резултат на набавка и ставање во употреба на основни средства во втората половина од минатата година, како и во вториот квартал од оваа година. Оваа ставка се однесува на амортизација на деловниот простор, нематеријални средства и опремата. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2023 година за **исправка на вредност на побарувања и отпис на средства** се прокнижени трошоци во висина од **347.508 денари,** од кои 300.000 денари се направени за исправка на вредност на побарувања, а 47.508 денари се за отпис на средство по попис.

**Останатите расходи од дејност** изнесуваат **11.142.587 денари** и во вкупните расходи учествуваат со 27,1%. Во однос на останатите расходи од дејност остварени минатата година бележат намалување од 4,1% што е објаснето подолу, а се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат **1.611.927 денари** или 3,9% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично) и се за 8,1% повисоки во однос на истите во 2022 година. Ова зголемување се должи, пред се', на повисоките режиски трошоци оваа година како резултат на инфалцијата.

- **Трошоците за услуги** изнесуваат **5.559.977 денари**, бележат учество од 13,5% во вкупните расходи и истите се за 3,5% повисоки во споредба со остварените трошоци минатата година, што се должи пред се' на трошоците што Берзата оваа година ги направи за инвестициско одржување на деловниот простор и за постапување по законските обврски согласно Законот за безбедност и здравје при работа. Најголемо учество во рамки на трошоците за услуги во износ од 1.414.438 денари имаат трошоците за услуги за тековно и инвестиционо одржување на средствата за работа, потоа за телефонски и комуникациски услуги и интернет трошоци во износ од 543.842 денари, за консултантски и ревизорски услуги 798.588 денари. Во 2023 година Берзата користеше сметководствени, правни, услуги за превод, како и други услуги од надворешни субјекти и за истото беа пресметани 1.451.462 денари трошок. За организирање на Годишната берзанска конференција, како и повеќе други промотивни настани беа направени трошоци во висина од 613.892 денари. Во категоријата трошоци за услуги спаѓаат и трошоци за услуги од институции, поштарина, за обезбедување, паркинг услуги и слично.

- За месечен **надомест за неизвршните членови** на Одборот на директори е пресметан и исплатен вкупен износ од **1.366.692 денари**. Надоместокот изнесува 3,3% од вкупните расходи, а е за 2,4% понизок од планскиот поради тоа што во дел од годината Одборот на директори работеше во непотполн состав.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од **337.938 денари**, што претставува мало зголемување во однос на планираното ниво (300.000 денари).

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат **1.515.184 денари** наспроти ланските 1.765.300 денари и се однесуваат на трошоците за реализација на Годишната берзанска конференција, за настанот за доделување на Годишни награди што Берзата ги додели на котирани компании, членки на Берзата и други субјекти поврзани со македонскиот пазар на

хартии од вредност, како и трошоците за организирање на други едукативни и промотивни настани.

❖ **Трошоци за осигурување** се направени во висина од **636.981 денари** и се однесуваат на трошоци за менаџерско осигурување, трошоци за доброволна пензиска шема за одреден број клучни вработени и трошоци за општо осигурување на вработените, деловниот простор, опремата, мебелот итн. Истите учествуваат со 1,6% во вкупните трошоци.

❖ По основ на **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од **113.888 денари** и истите учествуваат со 0,3% во вкупните расходи. Во рамките на Други трошоци спаѓаат данок на имот, членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

Во 2023 година е остварен **удел во загубата во заедничкото вложување** во СЕЕ Линк ДОО Скопје во висина од **242.045 денари.**

Од **курсни разлики** е остварен трошок од **9.762** денари.

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2023 година оствари **нето добивка од 2.129.662 денари.**

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2023 година изнесува **182.934.209 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, орочени депозити во банки со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во паричен инвестициски фонд) учествуваат со 25,3% преку што се обезбедува финансиска стабилност на Берзата. Берзата има удел од 32.209.649 денари, односно 28.67% во сопственичката структура на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, има вложено и 31,2 милиони денари во долгорочни државни обврзници и 10 милиони денари во државни едногодишни записи. Влогот на Македонската берза во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје (основано заедно со берзите од Загреб и Софија во 2016 година) е во износ од 828.529 денари. Учеството на основните средства - материјални и нематеријални (53.884.014 денари) изнесува 29%,5 од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 8.544.575 денари или 4,7% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2023 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата што доспеваат за плаќање во јануари 2024 година и тоа за надомест за котација, побарувања за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2023 година и побарувања за дистрибуција на податоци на странски дата вендори.

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2023 година изнесува **182.934.209 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2023 година изнесуваат 2.889.345 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.809.479 денари и истите доспеваат за плаќање во јануари 2024 година, обврски за даноци, придонеси и други давачки 331.418 и останати тековни обврски и пасивни временски разграничувања во износ од 749.448 денари.

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2023 година изнесуваат 180.044.864 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 39.710.779 денари, добивката за финансиската година во износ од 2.129.662 денари и задржаната добивка во износ од 34.706.663 денари.

**Одбор на директори** **Скопје, февруари 2024**

**Претседател**

**Тони Стојановски**

Македонска берза на хартии од вредност АД СКОПЈЕ

П Р И Л О Г

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
на ден 31.12.2023 година

АКТИВА

во денари

| Назив | 2022 | 2023 | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | 1.198.989 | 706.445 | 59 |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | 50.000.000 | 40.000.100 | 80 |
| Депозити | 50.000.000 | 40.000.100 | 80 |
| **3. Должнички хартии од вредност** | 31.222.161 | 41.204.261 | 132 |
| **4. Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање** | 44.135.745 | 37.766.285 | 86 |
| **5. Заеднички вложувања** | 1.070.574 | 828.529 | 77 |
| **6. Нематеријални средства** | 1.362.924 | 1.273.082 | 93 |
| **7. Материјални средства** | 51.514.452 | 52.610.932 | 102 |
| **8. Останати средства/побарувања** | 8.860.570 | 8.209.103 | 93 |
| Останати побарувања | 8.860.570 | 8.209.103 | 93 |
| **9. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | 437.885 | 335.472 | 77 |
| ВКУПНА АКТИВА | **189.803.300** | **182.934.209** | **96** |

ПАСИВА

во денари

| Назив | 2022 | 2023 | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | 5.187.298 | 2.889.345 | 56 |
| Останати обврски | 5.137.298 | 2.742.166 | 53 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 50.000 | 147.179 | 294 |
| **2. Капитал и резерви** | 184.616.002 | 180.044.864 | 98 |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | 100 |
| Резерви | 36.631.766 | 39.710.779 | 108 |
| Добивка за финансиска година | 11.527.444 | 2.129.662 | 18 |
| Задржана добивка | 32.959.032 | 34.706.663 | 105 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **189.803.300** | **182.934.209** | **96** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ
## за периодот 01.01.-31.12.2023 година

во денари

| ПРИХОДИ | 01.01.-31.12.2022 | 01.01.-31.12.2023 | Индекс 2023/2022 | План 2023 | Индекс 2023/план |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Приходите остварени од камати и вложувања во финансиски инструменти | 1.393.191 | 1.747.682 | 125 | 1.550.000 | 113 |
| 2. Приходи од усогласување до објективна вредност на удели | 437.512 | 286.609 | 66 | 150.000 | 191 |
| 3. Приходи од провизии и надоместоци | 44.599.403 | 32.730.200 | 73 | 42.274.000 | 77 |
| Надомест за членство | 2.584.089 | 2.558.938 | 99 | 3.075.000 | 83 |
| Надомест од тргување | 29.089.232 | 17.294.615 | 59 | 26.600.000 | 65 |
| Приходи од котација | 8.290.374 | 8.165.000 | 98 | 8.040.000 | 102 |
| Приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон | 4.635.708 | 4.711.647 | 102 | 4.559.000 | 103 |
| 4. Останати приходи од дејност | 6.287.162 | 6.953.250 | 111 | 7.091.000 | 98 |
| 5. Удел во добивката на придружено друштво | 0 | 292.649 | - | | - |
| 6. Остварена дивиденда во банки и др.фин.организ. | 2.378.000 | 1.189.000 | 50 | 1.000.000 | 119 |
| 7. Приходи од курсни разлики | 6.173 | 9.179 | - | 5.000 | 184 |
| **Вкупни приходи** | **55.101.441** | **43.208.569** | **78** | **52.070.000** | **83** |
| **РАСХОДИ** | **01.01.-31.12.2022** | **01.01.-31.12.2023** | **Индекс 2023/2022** | **План 2023** | **Индекс 2023/план** |
| 1. Расходи за провизии и надоместоци | 8.355.368 | 6.672.007 | 80 | 7.750.000 | 86 |
| Провизии од банки и други фин. институции | 327.475 | 172.007 | 53 | 170.000 | 101 |
| Берзанска провизија за КХВ | 8.027.893 | 6.500.000 | 81 | 7.580.000 | 86 |
| 2. Трошоци за вработени и останати користи за вработени | 18.311.852 | 18.432.099 | 101 | 19.100.000 | 97 |
| 3. Амортизација | 3.516.957 | 4.232.899 | 120 | 4.270.000 | 99 |
| 4. Исправка на вредн. на побарув.и отпис на сред. | 460.484 | 347.508 | 75 | 450.000 | 77 |
| 5. Останати расходи од дејност | 11.616.381 | 11.142.587 | 96 | 13.655.000 | 82 |
| Материјални и слични трошоци | 1.491.306 | 1.611.927 | 108 | 1.775.000 | 91 |
| Трошоци за услуги | 5.372.702 | 5.559.977 | 103 | 7.645.000 | 73 |
| Одбор на директори | 2.032.867 | 1.366.692 | 67 | 1.400.000 | 98 |
| Трошоци за службени патувања | 255.933 | 337.938 | 132 | 300.000 | 113 |
| Трошоци за репрезентација, реклама и пропаганда | 1.765.300 | 1.515.184 | 86 | 1.800.000 | 84 |
| Осигурување | 585.874 | 636.981 | 109 | 620.000 | 103 |
| Други трошоци | 112.399 | 113.888 | 101 | 115.000 | 99 |
| 6. Удел во загубата на заедничко вложување | 119.711 | 242.045 | 202 | - | - |
| 7. Расходи од курсни разлики | 15.047 | 9.762 | 65 | 10.000 | 98 |
| **Вкупни расходи** | **42.395.800** | **41.078.907** | **97** | **45.235.000** | **91** |
| Добивка (загуба) пред оданочување | 12.705.641 | 2.129.662 | 17 | 6.835.000 | 31 |
| Данок на добивка | 1.178.197 | 0 | - | | - |
| Добивка за финансиската година | 11.527.444 | 2.129.662 | 18 | - | - |